# ОУ."Св. Климент Охридски" Битола

**адреса: ул.„Димче Лахчански" б.б.- Битола, Битола**
**e-mail:** ousvkobitola@yahoo.com
**web:** www.ousvklimentohridskibt.weebly.com
**тел: 047/255737**
**факс: 047/252733**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работа на оу „Св. Климент Охридски"- Битола
за учебната 2018/2019 година






јуни, 2019 година

## СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** 4

**2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО** 5

**Општи податоци за училиштето** ..... 5
**Просторни услови за работа во училиштето** ..... 5
**Материјално-технички услови:** ..... 6
**Мапа на училиштето** ..... 6
**Ученици** ..... 8
**Наставен и ненаставен кадар** ..... 8
**Степен на образование на вработените** ..... 9
**Старосна структура на вработените** ..... 9
**Настава** ..... 10
**Вид на настава** ..... 10
**Организација на задолжителна настава** ..... 10
**Изборна настава** ..... 12
**Извештај за реализираност на дополнителна настава во 2018/19 година** ..... 14
**Извештај за реализираност на додатна настава во 2018/19 година** ..... 16
**Годишен извештај за работа и справување со социјалните и емоционалните проблеми на учениците** ..... 19

**ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА ТИМОВИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА** 21

**Тим за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот** ..... 21
**Тим за работа со талентирани и надарени ученици** ..... 23
**Тим за работа со деца со потешкотии** ..... 27
**Тим за спроведување на активности од хуманитарен аспект** ..... 30
**Тим за заштита и спасување и прва помош** ..... 33
**Тим за употреба на икт во наставата** ..... 35
**Тимот за прифаќање и реализација на проекти** ..... 37
Тим за ПМИО ..... 42
Заедничка грижа за правилно насочување на учениците ..... 44
**Тим за грижа за здравјето** ..... 46
**Еко тим** ..... 50
ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија ..... 51
ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода ..... 52
ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина ..... 53
ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор ..... 55
ЕКО СТАНДАРД 5. Отпад ..... 56
ЕКО СТАНДАРД 6:Транспорт ..... 57
**Тим за училиште без насилство** ..... 61
**Тим за професионално насочување на учениците** ..... 63
**Тим за пофалување и наградување** ..... 65
**Тим за оценување,следење и вреднување** ..... 70
Тим за проверка на електронскиот дневник ..... 72
**Тим на ученичката заедница** ..... 73

Тим за учење ... 78
Детска организација ... 78
**Антикорупциска едукација на учениците ... 80**
**Тим за училишна библиотека ... 81**
**Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето ... 85**
Тим за уредување на веб страната ... 85
Тим за претприемништво ... 86
Тим за публикации во училиштето ... 88
Тим за прослави и приредби ... 89
Тим за соработка со локалната заедница ... 92
Тим за соработка со НВО ... 98
Извештај за работата на дневниот престој ... 99
ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА 104
**Стручен актив на прво одделение ... 104**
**Стручен актив на второ одделение ... 109**
**Стручен актив на трето одделение ... 114**
**Стручен актив на четврто одделение ... 125**
**Стручен актив на петто одделение ... 136**
**Стручен актив по македонски јазик ... 138**
**Стручен актив за странски јазици ... 142**
**Стручен актив по математика ... 147**
**Стручен актив по биологија, физика и хемија ... 151**
**Стручен актив по географија и историја, граѓанско образование и етика ... 162**
**Стручен актив по ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование ... 168**
**Стручен актив по техничко образование и информатика ... 170**
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ 174
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ 176
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ 182
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ 187
УЧИЛИШТЕН ОДБОР ... 196
СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ ... 196
ЗАКЛУЧОК ... 196

## 1. ВОВЕД

***Извештајот за работа на ОУ „Св. Климент Охридски"- Битола е изработен според Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2018/2019 година, Анексот на програмите кои се составен дел на Годишната програма, записниците, извештаите и укажувањата од увидите на Државниот просветен инспекторат, советникот на БРО-Битола, Советот на родители и Училишниот одбор.***

***Целта и задачите на Извештајот за работа е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето, постигнувањата на учениците, а во исто време и да се укаже на тековните проблеми и тешкотии на кои наидовме во текот на оваа учебна.***

***На почетокот на новата учебна година, беа извршени вообичаените подготовки за започнување на истата, а што се во насока на создавање подобри услови за работа што ќе овозможат да се подобрат резултатите во воспитно-образовната работа и реализацијата на наставните планови и програми во целост.***

***Во однос на техничката подготвеност на училиштето, како и секоја година, беа преземени неопходни мерки и активности за непречен почеток на годината.***

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

### Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | „Св. Климент Охридски“ |
| **Адреса, општина, место** | „Димче Лахчански “б.б, Битола, Битола |
| **Телефон** | 047/255737 |
| **Факс** | 047/252733 |
| **Е-пошта** | ouklimentbt@yahoo.com |
| **Основано од** | СИЗ за образование и наука |
| **Верификација - број на акт** | 13-162/90 |
| **Година на верификација** | 1990 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1989 година |
| **Тип на градба** | тврда градба |
| **Површина на објектот** | 5109 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 15840 $m^2$ (заедно со спортските терени) |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1487 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | да |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење со нафта |
| **Број на одделенија** | 9 одделенски совета |
| **Број на паралелки** | 45 |
| **Број на смени** | 2 и 1 меѓусмена |

### Просторни услови за работа во училиштето

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 зграда, централна и 1 зграда, подрачно училиште |
| **Училиштен двор** | да |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 20949 $m^2$ |
| **Нето површина** | 1523 $m^2$ |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 28 |
| **Број на помошни простории** | 13 |
| **Училишна библиотека** | 2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење на нафта |

## Материјално-технички услови:

- 305 десктоп компјутери,
- 209 Intel Classmate ученички лаптопи
- 16 лаптопи УСАИД
- 27 Intel Classmate таблети
- 4 смарт табли
- 2 телевизори
- 4 печатачи,
- дигитални камери,
- лаптоп компјутери за наставниците
- 30 микробит уреди

За учениците со посебни потреби има:

- монитор на допир,
- 8 тастатури од кои 5 се со кирилично писмо и 3 со латинично писмо,
- 2 trackball, joystick,
- 2 одвоени кликови,
- 2 едукативни софтвери.

За учениците со оштетен вид се користат следниве уреди:

- компјутер,
- принтер за рапаво печатење.

## Мапа на училиштето





ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ




СИТУАЦИЈА

## Ученици

Во оваа учебна година, во училиштето учат 992 ученик, а во I одделение беа запишани 104 ученика, календарски обврзници, односно родените во 2012 година и во јануари 2013 година. Сите првоодделенци, според списокот на МВР се опфатени за започнување на деветгодишното основно образование.

| Број на ученици по одделенија и национална припадност | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОДД. | БР. НА ПАРАЛЕЛКИ | БР. НА УЧЕНИЦИ | ЕТНИЧКА И РОДОВА СТРУКТУРА НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | | | | | | |
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Бошњаци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 5 | 104 | 55 | 49 | | | | | | | | | | |
| **II** | 5 | 133 | 60 | 68 | | 1 | 2 | 2 | | | | | | |
| **III** | 5 | 98 | 51 | 47 | | | | | | | | | | |
| **IV** | 5 | 116 | 60 | 54 | 1 | | 1 | | | | | | | |
| **V** | 5 | 120 | 58 | 59 | | | | | 1 | 2 | | | | |
| **I-V** | **25** | **571** | **284** | **277** | **1** | **1** | **3** | **2** | **1** | **2** | | | | |
| **VI** | 5 | 110 | 56 | 50 | | 2 | | | 2 | | | | | |
| **VII** | 5 | 117 | 65 | 46 | | | 2 | 1 | 1 | 2 | | | | |
| **VIII** | 5 | 96 | 47 | 46 | | 1 | | | | | 1 | | 1 | |
| **IX** | 5 | 98 | 56 | 39 | | | 1 | 1 | | | | 1 | | |
| **VI-IX** | **20** | **421** | **224** | **181** | | **3** | **6** | **2** | **3** | **2** | **1** | **1** | **1** | |
| **I-IX** | **45** | **992** | **508** | **458** | **1** | **4** | **6** | **4** | **4** | **4** | **1** | **1** | **1** | |

| НАСТАВЕН ЈАЗИК | МАКЕДОНСКИ | АЛБАНСКИ | ТУРСКИ | СРПСКИ |
|---|---|---|---|---|
| **БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ** | **45** | | | |
| **БРОЈ НА УЧЕНИЦИ** | **992** | | | |
| **БРОЈ НА НАСТАВНИЦИ** | **68** | | | |

## Наставен и ненаставен кадар

| НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР | ВКУПНО | ЕТНИЧКА И ПОЛОВА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | **86** | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| **Број на наставен кадар** | **65** | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж |
| **Број на стручни соработници** | **4** | 2 | 2 | | | | | | | | |
| **Административни раб.** | **2** | | 2 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | **12** | 3 | 9 | | | | | | | | |
| **Директор** | **1** | 0 | 1 | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработените

| ОБРАЗОВАНИЕ | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ |
|---|---|
| ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | 70 |
| ВИША СТРУЧНА СПРЕМА | 3 |
| СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 3 |
| ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 10 |

## Староснa структура на вработените

| ГОДИНИ | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ |
|---|---|
| 20-30 | 5 |
| 31-40 | 28 |
| 41-50 | 14 |
| 51-60 | 16 |
| 61- ПЕНЗИЈА | 23 |

## Настава

Во една учебна година, наставата во основното училиште трае 180 работни дена. Наставата во нашето училиште се реализира според Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Таа ни овозможува остварување на основните образовни и воспитни принципи во училиштето, како и спроведување на законските норми и принципи.

## Вид на настава

Во училиштето се реализираат следните видови настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава. Секој вид настава се реализира според претходно изработена програма од страна на наставниците, а во согласност со наставните планови и програми изработени од страна на МОН и БРО.

Исто така, во училиштето се изработуваат и реализираат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуализирани програми за ученици со посебни образовни потреби, употреба на ИКТ во наставата.

Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава е приложена како анекс на Годишната програма на училиштето.

## Организација на задолжителна настава

- По правило, наставата е организирана пет дена во седмицата, а часовите траат 40 минути. Наставата е организирана во две смени- претпладне и попладне. Почетокот на првата смена е во 7 часот и 15 минути, а втората смена започнува од 13 часот. Во училиштето, наставата од I-V одд. се изведува во класични училници, а наставата од VI – IX одд, се изведува по кабинети, опремени за соодветниот предмет. Исто така, наставниците реализираат настава и во училишната медикастера која е опремена со смарт табла и видеофилм. Часовите по физичко и здравствено образование се реализираат во две фискултурни сали -една за предметна настава и една за одделенска, како и на спортските терени во дворот на училиштето.
- Со Наставниот план и наставните програми на основното училиште, одредени се задолжителните предмети, нивниот распоред по одделенија како и седмичниот и годишниот фонд на часовите за учениците. Таа се организира по следните предмети:
    - Македонски јазик ( I - IX )
    - Математика ( I – IX )
    - Англиски јазик ( I – IX )
    - Германски јазик ( VI - IX )
    - Француски јазик( VI - IX )
    - Географија ( VI - IX )
    - Историја ( VI - IX)
    - Биологија ( VII – IX )
    - Хемија ( VIII, IX )

- Физика ( VIII, IX )
- Етика (VII)
- Информатика ( VI, VII )
- Техничко образование  (IV,V,VI )
- Општество ( I – V )
- Природни науки – ( I – VI)
- Граѓанско образование (VIII, IX)
- Музичко образование ( I – IX )
- Физичко и здравствено образование ( I – IX )
- Ликовно образование ( I – IX )
- Работа со компјутери и основи на програмирање(III,IV, V)
- Иновации (IX)
- Образование за животни вештини ( I – IX ) – (исклучок има во прво одделение каде овие часови се реализираат во состав на редовните часови)

Сите наброени елементи се содржат во Наставниот план, како и во објаснувањата за неговата примена. Поконкретно, дидактичките  насоки за наставата се разработени во наставните програми по одделни предмети и подрачја и истите  се дадени на страната на БРО – www.bro.gov.mk

- Задолжителен странски јазик е англискиот, а како втор задолжителен јазик, покрај германскиот  е понуден и француски јазик ( VI - IX ).

Поделбата  на одделенското раководство е дадена во табелата што следува:

**ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ ЗА УЧЕБНАТА 2018/19 г.**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | **Лајмановска Вера** | | **VI-1** | **Огненовски Игор** | |
| I-2 | Јовановска Светлана | | VI-2 | Петровска Соња | |
| I-3 | Јанева Г.Јасна | | VI-3 | Петковска Љупка | |
| I-4 | Дишковска Сузана | | VI-4 | Пеев Атанас | |
| I-5 | Стојанова Снежана | | VI-5 | Трајчевски Златко | |
| **II-1** | **Стевановсака Виолета** | | **VII-1** | **Димовски Горан** | |
| II-2 | Митревска Елица | | VII-2 | Костевска Славица | |
| II-3 | Петковска Даниела | | VII-3 | Илиевска Оливера | |
| II-4 | Димитровска Весна | | VII-4 | Трајковска Катерина | |
| II-5 | Сипковска А. Лилјана | | VII-5 | Поповска Виолета | |
| **III-1** | **Угарчева Елена** | | **VIII-1** | **Захариева Снежана** | |
| III-2 | Дуковска Велика | | VIII-2 | Ивановска Јулија | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| III-3 | Велјановска Валентина | | VIII-3 | Мигуловска Андријана | |
| III-4 | Спирова Ана | | VIII-4 | Поповска Маргарита | |
| III-5 | Печипајковска Биљана | | VIII-5 | Димовска Г. Бојана | |
| **IV-1** | **Ордевска Надица** | | **IX-1** | **Стојановска Мирјана** | |
| IV-2 | Алексова З. Пандора | | IX-2 | Созовски Предраг | |
| IV-3 | Лутовска Жанета | | IX-3 | Јаневски Александар | |
| IV-4 | Трајковска Ирена | | IX-4 | Шундовска Ш.Лидија | |
| IV-5 | Наумовска Верка | | IX-5 | Трајчевска Марина | |
| **V-1** | **Ширановиќ Љубица** | | | | |
| V-2 | Јовановска Биљана | | | | |
| V-3 | Костовска Марика | | | | |
| V-4 | Костовска Биљана | | | | |
| V-5 | Јоновска Венета | | | | |

## Изборна настава

Изборните предмети кои ги нуди училиштето се привлечни и интересни. Нив ученикот може да ги избира уште од трето, а по правило,од четврто одделение. Доколку се случи да нема доволен интерес за одреден предмет што го сака ученикот, тогаш може да се определи за оној предмет за којшто се пријавени најмалку 15 ученика.

Истите се наменети за усвојување и надградување на знаењата во одредени подрачја, збогатување и систематизирање на искуството, за поврзување на теоретските знаења со практичните активности, како и за откривање на интересите на учениците за професиите и занимањата. Изборна настава во нашето училиште се организира по следните предмети:

| ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | ПАРАЛЕЛКИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Творештво[1] | | 0 | 0 | | | | |
| Етика на религии | | | | 5 | | | |
| Класична култура на европската цивилизација | | | | 5 | | | |
| Француски јазик | | | | 1 | | 1 | 1 |
| Германски јазик | | | | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Проекти од ликовната уметност | | | | | | 5 | |
| Проекти по техничко образование | | | | | 2 | 1 | |
| Проекти од музичка уметност | | | | | | 3 | 3 |
| Проекти од информатика | | | | | | | 4 |
| Програмирање | | | | | | | 1 |
| Нашата татковина | | | | | 5 | | 2 |
| Истражување на родниот крај | | | | | | 1 | |
| Вештини на живеење | | | | | 3 | | |

Во III, IV и V одделение, учениците по желба избираат втор изборен предмет помеѓу влашкиот, ромскиот и бошњачкиот јазик.[2]

[1] Учениците во IV и V одделение можат да изберат да го изучуваат и изборниот предмет Творештво.

[2] Учениците, припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница, во согласнот со родителите, можат да го изучуваат влашкиот, ромскиот или бошњачкиот јазик и култура. Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети, ќе го изучуваат континуирано. Доколку учениците се определат да го изучуваат овој предмет, ќе го изучуваат секогаш како втор, односно трет изборен предмет.

## Извештај за реализираност на дополнителна настава во 2018/19 година

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Давање напатствија за н-ците (Подготвен формулар за планирање и формулар за список на у-ци )** | реализирано | август- септември 2018 | Инструментот е даден со цел според дадени барања да се планира и да се подготви списокот на у-ци кои ќе посетуваат допо. нас. | |
| **Изготвување на училишен распоред за одржување на дополнителната настава со ден и час- истиот е испратен до просветниот инспектор** | реализирано | септември 2018 г. | Н-ците даваат термини за одржување на дополнителната настава и сумирано од сите н-ци се праќа на просветниот инспектор | |
| **Прегледување на планирањата на н-ците за дополнителната настава** | реализирано | септември- октомври 2018 г. | Со прегледувањето на планирањата на наставниците се прегледува и планирањата за дополнителната настава- педагошки картон | |
| **Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од првото тримесечје** | реализирано | ноември 2018 г. | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од првото тримесечје да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон | |
| **Преглед н одд. книги- евиденција на дополнителната настава** | реализирано | ноември 2018 г. | При прегледот на среденоста на педагошката евиденција се прегледува и евиденцијата на дополнителната настава во одд. книги | |
| **Посета на часови за дополнителна настава** | реализирано | септември- декември 2018 | Се прави договор со наставниците за посета на часови за дополнителна настава, со цел да се следат одредени ученици и унапредување на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | г. | квалитетот на ваквите часови | |
| **Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од првото полугодие** | реализирано | декември-јануари 2018/19 | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од првото полугодие да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон | |
| **Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од трето тримесечје** | реализирано | април 2019 г. | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од третото тримесечје да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон | |
| **Преглед н одд. книги- евиденција на дополнителната настава** | реализирано | април 2019 г. | При прегледот на средеността на педагошката евиденција се прегледува и евиденцијата на дополнителната настава во одд. книги | |
| **Посета на часови за дополнителна настава** | реализирано | јануари- јуни 2019 г. | Се прави договор со наставниците за посета на часови за дополнителна настава, со цел да се следат одредени ученици и унапредување на квалитетот на ваквите часови | |
| **Поднесување на извештај за реализираноста на дополнителната настава од страна на н-ците на крајот од второто полугодие** | реализирано | јуни 2019г. | Според законските обврски н-ците се должни на крајот од второто полугодие да достават извештај за реализираноста на дополнителната настава, истото се евидентира во педагошкиот картон | |
| **Преглед н одд. книги- евиденција на дополнителната настава** | реализирано | јуни 2019 г. | При прегледот на средеността на педагошката евиденција се прегледува и евиденцијата на дополнителната настава во одд. книги | |

**јуни 2019 г.**
**Изработил:Крстевски Никола**

## Извештај за реализираност на додатна настава во 2018/19 година

| Поставени цели | Преземени активности за реализација на целите | Време на реализација | Реализација и постигнати ефекти |
|---|---|---|---|
| **Идентификување на надарените ученици од шестите одделенија** | Според листите со претходно подготвени критериуми за избор на талентирани ученици и собраните потписи од родителите | Септември октомври 2018 година | *ДА*<br>-Запазување на законските регулативи со кои секоја паралелка треба да реализира по два часа додатна настава седмично<br>-Потребен е за распределување на учениците кои ја посетуваат |
| | Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај | Септември октомври 2018 година | |
| **Спроведување анкета за интересот за посета на додатната настава по наставни предмети** | - Спроведување на анкетата како и формирање на групите | Септември октомври 2018 година | *ДА*<br>- Спроведување на законската регулатива за формирање на групи за додатна настава<br>- Увид во индивидуалните интереси на учениците |
| **Поседување документи за законски поддржано и според пропишани критериуми спроведено идентификување на талентираните и надарени ученици** | -Прашалник за наставниците (интерен изготвен од училишниот психолог ) | Септември 2018 година | *ДА*<br>- Тестирањето на креативноста на учениците преку мислење на наставниците со стандардизирани критериуми за идентификација на надарените и талентирани ученици |
| **Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за идентификација** | -Состаноци на стручни активи и презентирање на резултатите за откривање на талентите на учениците и правилно формирање | Септември октомври 2018 година | *ДА*<br>-Часовите од додатна настава наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на претстојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | работа. |
| **Подобро запознавање со видот на талентираност и следење на развојот на талентираните ученици**<br><br>**Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа** | -Индивидуални и групни состаноци со родителите и презентирање на информации<br>-Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на слободните ученички активности, како и начинот на водење на додатната настава | Ноември- јуни 2018/2019 учебна година | *ДА*<br>- Се користат резултатите од прашалникот за наставници што е подготвен од училишниот психолог за идентификацијата на талентираните и надарените ученици со критериуми за оценка |
| **Следење на развојот на талентираните и надарените ученици** | -Состаноци со наставниците и родителите на надарените ученици, водење записници<br>-Прашалник за родителите во врска со нивното мислење за организацијата на додатната настава<br>-Посета на часови од додатна настава со цел согледување интересот и напредокот на учениците кои ја посетуваат истата. | септември – мај 2018/2019 учебна година | *ДА*<br>-На часовите од додатна настава, наставниците ги спроведуваат подготовките на учениците за учество на претстојните организирани натпревари преку индивидуализирана и групна форма за работа. |
| **Поддршка на надарените ученици за акцелерација** | -Тестирање на учениците за креативност и интелигенција, годишни тестови на знаење по наставните предмети | Во текот на учебната 2018/2019 година, по потреба | *НЕ*<br>-Спроведување на законската регулатива и интересот на родителите и децата за побрзо напредување<br>Немаше причини за спроведување |
| **Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата** | Организирање на додатна настава адаптирана на поставените цели | Во текот на учебната 2018/2019 година | *ДА*<br>- Постојана грижа на училишниот кадар за развивање на талентот, надареноста и интелигенцијата на одредени ученици |
| | Организирање на групна настава адаптирана на потребите на надарените ученици | Во текот на учебната 2018/2019 година | |
| | Вклучување во воннаставни активности (секциите) на | Во текот на учебната 2018/2019 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | талентираните ученици | | |
| **Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици** | Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештаи од страна на сите наставници | По класификациони периоди во учебната 2018/2019 година | *ДА*<br>- Реализација на законската регулатива |
| **Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување** | -Организирани се индивидуални средби со надарените ученици и вршени се консултативно-информативни разговори<br>-Посета на часовите од додатна настава | Во текот на учебната 2018/2019 година | *ДА*<br>- Согледување на начинот, методите и формите преку кои се спроведува овој вид настава<br>- Согледување на интересот за додатната настава<br>- Посетени се вкупно 6 часа во предметна настава |
| **Запознавање на родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот** | -Извештај за постигањата на надарените и талентирани ученици, нивниот напредок, изготвување извештаи од посетата на часовите од додатна настава | По класификациони периоди | *ДА*<br>-Целосна соработка на релација училиште- родители- наставници |
| **Соработка со локалната заедница за афирмација на учениците и училиштето** | -Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др. | Во текот на учебната 2018/2019 година | *ДА*<br>- Афирмација на учениците и работата на училиштето во пошироката заедница.<br>-Евиденција на сите ученици и нивните ментори и изготвување список на ученици кои освоиле места на натпреварите |

Битола, јуни 2019 година

**Изготвил: Кети Секуловска**

## Годишен извештај за работа и справување со социјалните и емоционалните проблеми на учениците

| Цели | Активности | Реализатори, соработници | Време на реализација | Ресурси | Реализирано ДА-НЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на учениците со емоционални или социјални проблеми поради препознавање и понатамошен специфичен третман** | Идентификација на ученици кои имаат емоционални или социјални проблеми од новозапишаните ученици во училиштето | Директор, стручни соработници, наставници | На почетокот, а по потреба и преку целата учебна година | Опсервација, разговори, цртежи и слично | *ДА* Реализирана е поуспешна социјализација на сите ученици во паралелката |
| **Проширување на сознанијата и искуствата со релевантните фактори од училиштето за учениците со емоционални или социјални проблеми поради препознавање и понатамошен специфичен третман** | Дискусија за сознанијата и впечатоците на состаноците на:<br>-одделенските совети<br>-стручните активи | Директор, стручни соработници, наставници | На почетокот, а по потреба и преку целата учебна година | Записници од состаноците на одделенските совети и стручните активи | *ДА* Постигната е поуспешна социјализација на сите ученици во паралелката преку проширување на информациите |
| **Проширување на сознанијата за учениците со емоционални или социјални проблеми, проценување на ситуациите во домашната средина и третманот на детето** | Разговори и советодавна работа со родителите за дијагностицирање на причните за појавување на проблемите со социјален и емоционален карактер | Директор, стручни соработници, наставници родители | Преку целата учебна година | Записници во соодветни класери | *ДА* Воспоставена е интеракција и заедничка работа за успешно разрешување на проблемите |
| **Водење на соодветна и потребна документација за полесно следење на учениците со емоционални или социјални проблеми** | Спроведени се соодветни формулари и посебен третман за континуирано следење на учениците со емоционални или социјални проблеми | Директор, стручни соработници | Преку целата учебна година | Класер и формулари за следење на овие ученици | *ДА* Реализација на активностите е успешна со поголема и поцелосна информираност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Водење на соодветна и потребна документација за полесно следење на учениците со емоционални или социјални проблеми, како и согледување на индивидуалните специфични проблеми во природни услови** | Посета на часови за идентификување, дијагностицирање и изнаоѓање соодветни методи за помош на учениците со емоционални или социјални проблеми по опсервацијата во реалната средина | Директор, стручни соработници наставници | Преку целата учебна година | Класери со формулари за следење на часови од редовната настава со акцент на следење на овие ученици | *ДА* Можности за поуспешна реализа-ција и консултации, разрешување на одредени дилеми |
| **-Систематизирање на добиените податоци - Пренесување на сознанијата на релевантните одделенски совети -Соодветна анализа на потребните материјали** | Договорени редовни средби со учениците за советодавни инструкции, давање стручна помош, секојдневни или периодични по потреба | стручни соработници | Преку целата учебна година | Соодветни записници од портфолио, ученичко досие (класер) | *ДА* Разрешување на одредени проблеми, анализа на севкупната состојба, обиди за помош на учениците, користење примери за добра пракса |
| **Стручно и законски поддржано и обврзувачко советување на родителите за стиловите на родителство** | Школа за родители | Психолог | По класификацио ни периоди | Соодветни записници | *ДА* Овозможено е препознавање на квалитетно родителство |
| **Стручна помош на родителите преку изготвени соодветни брошури, предавања и други материјали за справување со проблемите со кои се соочуваат заедно со нивното дете** | Родителите во договор и по реализираните индивидуални или групни средби добиваат пишани материјали на соодветни теми, според дијагностицираниот проблем на нивната електронска пошта | Психолог | Преку целата учебна година | Електронски материјали | *ДА* Стручна помош за разрешување на индивидуалните проблеми во семејството поврзани со проблемите на нивното дете |

**Битола, јуни 2019 година** **изготвил: Кети Секуловска ,училишен психолог**

## ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА ТИМОВИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА

### Тим за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот

| Планирани програмски активности | Реализатори: | Методи и постапки за реализација | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на план за активности за 2018/2019 година** | Тим за професионален и кариерен развој<br>Директор | Прецизирање на сите активности за работа на тимот за професионален развој | Август, 2018 | Изработен план за активности за 2018/2019 година |
| **Изготвување на личен план за професионален развој** | Тим за професионален и кариерен развој<br>Директор | Да се издвојат потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници. | Август, 2018 | Сите наставници изработија план за личен развој, секој од стручните активи изработи свој план |
| **Учество на[3] семинари, обуки, работилници** | МОН,БРО | Едукација | септември 2018-јуни 2019 | - Ноември- изработка на ИОП- дефектолог<br>- Ноември- Обука за користење на платформата E-twinning, за наставниците<br>- Работилница за споделување на искуства од учество на меѓународен состанок од КА2 проект<br>- Учество на работилница во едукативна работилница со ученици и наставници на тема Cyberbyllying реализирана од д-р Sала Бојковска-Здружение на граѓани Семпер Битола, дел од проектот „Заштита, подобрување, учество, едукација и информирање“ поддржан од ЕУ програма на Еразмус +<br>- Учество на стручна дебата<br>Превенција на врсничкото насилство во образовните институции<br>„(Не) секојдневните средби со насилството- |

[3] Детални извештаи се ставени во портфолиото на тимот

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | секојдневна грижа за сите нас„- педагошки факултет Битола<br>- Професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот<br>- Едукативна работилница на тема„Соработка со семејството“. Реализатор- училишен психолог Кети Секуловска<br>- Училишна дисеминација за изработка на образовен софтвер- образовни апликации и нивни карактеристики<br>- Работилница Еразмус активности и учество на наставници во различни проекти- споделување на искуства |
| **Разгледување на понуди за обуки** | Провејдер 4К | Едукација | октомври/ноември 2018 | - Испратени се понудите за обуки до претседателите на стручни активи, кои ја споделија информацијата до сите наставници. Поради недоволен број на заинтересирани наставници не се одбра ниту една обука |
| **Изработка на годишен извештај и ревидирање на програмата за работа на тимот** | Членови на тимот | Прецизирање на сите активности за работа на тимот за професионален развој, како и одредување на слаби и јаки страни од работата на тимот | Мај/јуни 2019 | Согледување на потребите и насоките за изработка на програма за наредната година 2019/2020 |

**Изготвил/тим за професионален развој:**
**Координатор**
Снежана Стојанова
**Членови:**
Гордана Анастасова
Виолета Поповска
Виолета Стевановска
Андријана Мигуловска

## Тим за работа со талентирани и надарени ученици

| Активности | Цели | Време на реализација | Реализација и постигнати ефекти |
|---|---|---|---|
| **Состанок со тимот и договор за спроведување на идните активности, како и подготвување на програма за работа во училиштето** | Програмирање на работата на тимот за работа со надарени и талентирани деца, поставување цели и насоки за делување, запознавање на новите членови со обврските за секој член посебно . | Август 2018 | *ДА*<br>Законска обврска за програмирање на активностите од сите области на делување во училиштето, особено на тимовите<br>- Определување цели и активности за работа во учебната 2018/2019 година |
| **-Договор со наставниците за идентификација на учениците од шестите одделенија кои треба да бидат тестирани со тест на интелигенција и нивно селектирање:<br>Прогресивни равенови матрици, тест за креативност и тест за мерење на емоционалната интелигенција** | Идентификување на надарените ученици вклучени преку стандардизирани психолошки тестови, изготвување список за евиденција на надарените и талентирани ученици за повеќе потреби во училиштето и надвор од него | Септември октомври 2018 година | *ДА*<br>Стандардизирани постапки со кои работи психологот , а ги идентификуваат учениците со натпросечни можности за понатамошна работа со истите во редовната и додатната настава. Ова веќе традиционално се спроведува во училиштето |
| **Подготовка на список на потенцијално надарени и талентирани ученици што се дополнува со учениците од шестите одделенија** | Детектирање и евидентирање на целната група ученици | Септември октомври 2018 година | |
| **- Изготвување извештај од страна на наставниците кои предаваат наставни предмети што** | Подготовка и спроведување на идентификацијата на талентираните и надарени | Октомври-ноември 2018 година | *DA*<br>- Преку соодветни постапки, критериуми и мислење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **вклучуваат поседување одредени вештини за избор на ученици кои учествуваат во реализација на одредени активности (на пр. хор, оркестар, спортска екипа) за идентификација ученици за кои сметаат дека поседуваат одреден талент за соодветната вештина од тој наставен предмет** | ученици, како и соодветно надградување на талентот (вештините) што ги поседуваат | | наставниците се врши идентификација на надарените и талентирани ученици |
| **- Тестирање на идентификуваните ученици со Прогресивни равенови матрици (тест за мерење на интелигенцијата)** | Идентификување на нивото на академската интелигенција на надарените и талентираните ученици . | Февруари- април 2019 година | *ДА*<br>Спроведување на научни постапки за идентификување на натпросечната iQ, оние ученици кои не биле тестирани во шесто одделение, а покажале високо ниво на интелигенција.<br>Оваа учебна година се тестираа 20 ученика од оваа категорија. |
| **-Тестирање на учениците со тест за творечки способности ТТС** | Идентификување на нивото на креативното мислење кај талентираните и надарените ученици | Февруари- април 2019 година | *ДА*<br>- Спроведување на психолошки инструменти за идентификување на талентот и креативноста според програмата |
| **-Тестирање на учениците со тест за емоционална интелигенција ЕИ** | Идентификување на нивото на емоционалната интелигенција кај талентираните и надарените ученици | Февруари- април 2019 година | *ДА*<br>- Спроведување на психолошки инструменти за идентификување на степенот на развој на емоционалната интелигенција кај учениците од целната категорија |
| **-Присуство на Состаноците на одделенските совети и презентирање на резултатите од извршените испитувања на талентите на учениците и професионално формирање на** | Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за идентификација | Учебна 2018/2019 година | ДА*<br>- Бидејќи учениците од додатната настава наставниците ги подготвуваат за натпревари, се прави евиденција и селекција на талентирани ученици по |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **групите за додатна настава** | | | наставни предмети да не дојде до преоптеретување на едни исти за сите часови од додатна настава |
| **-Индивидуални или групни состаноци со родителите и презентирање на информации** | Подобро запознавање со видот на талентираност на нивните деца и следење на развојот на талентираните ученици | Учебна 2018/2019 година | *ДА*<br>- Презентација на фактите што е надареност, а што талентираност пред родителите<br>- Се користат резултатите од прашалникот со критериуми за наставниците и нивните сознанија<br>- Списокот на тестирани и идентификувани ученици<br>- Податоците се користат за избор на ученици за натпревари, критериумите се метода за избор на талентирани ученици по соодветниот наставен предмет |
| **-Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на секциите и слободни ученички активности воопшто, како и консултации за начинот на водење на додатната настава, форми и методи** | Определување на цели за работа со надарените ученици;<br>стратегии и ментори за работа | Септември – Мај 20182019година | *ДА*<br>- Се користат резултатите од преземените испитувања<br>- Се презентираат сознанијата пред наставниците<br>- Грижа на училиштето за развивање на талентот, надареноста и интелигенцијата на одредени ученици<br>- На часовите од додатна настава, наставниците прават подготовка на учениците за учество на претстојните организирани натпревари преку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | индивидуализирана форма за работа. |
| **-Организирање на индивидуални средби со надарените ученици<br>-Посета на часовите од додатна настава<br>-Анкетен лист за интересот за додатната настава** | Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување | Во текот на учебната 2018/2019 година | *ДА*<br>- Спроведување на разговори со учениците за индивидуалните интереси и потреби<br>- Продлабочување и проширување на знаењата, размена на информации и помош за нивното напредување |
| **Вклучување во вонаставни активности и групите за талентираните и додатна настава за надарените ученици** | Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата | Септември – Мај 2018/2019 година | *ДА*<br>- Разговори со учениците за индивидуалните интереси и потреби, консултации и советодавна работа |
| **Афирмација на надарените и талентираните ученици од училиштето со испраќање на список до Националниот тим** | Соработка со Националниот тим за работа со талентирани и надарени ученици | Мај 2019 година | *ДА*<br>- Афирмација на учениците и поттикнување на соработката на училиштето во пошироката заедница, со надеж дека ќе добиеме информации за понатака |

Битола, јуни 2019 година

**Изготвил: Кети Секуловска**

## Тим за работа со деца со потешкотии

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување програма за работа на тимот за работа со деца со потешкотии во учењето** | реализирано | септември 2018 година | -Законска обврска за програмирање на активностите<br>- Определување цели и активности за работа во учебната 2018/2019 година | |
| **Идентификација на деца со емоционални и социјални проблеми** | реализирано | Септември до декември 2018 | - Тимски третман на деца кои имаат одредени потешкотии во учењето, односот кон другите субјекти или по интервенција на родителите, со соодветни методи во зависност од својата стручност. | |
| **Соработка со наставниците и родителите** | реализирано | Септември до декември 2018 | Комплетирање на податоците за секое дете кое е евидентирано и соодветно прифатено и третирано од страна на педагогот и психологот на училиштето.<br>Во текот на работата, покрај наставниците, и родителите се партнери кои се фактор за успешност, се повикуваат, се разговара и договара, а се водат и записници.<br>По потреба се консултира и дефектологот во училиштето | |
| **Водење документација за работата со секој ученик** | реализирано | Септември до декември 2018 | - За секој третиран ученик се отвора досие, кое во соодветни услови во канцеларијата на педагогот и психологот, се чува и надополнува, по потреба. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со институциите од локалната средина** | реализирано | Септември до декември 2018 | За успешно спроведување на активностите од доставената програма за работа, беа анимирани и консултирани компетентни институции од локалната средина од кои се бара стручно мислење и доставување извештаи за понатамошен третман на соодветниот ученик.<br>Особено се консултираат Центарот за социјална работа и Центарот за ментално здравје | |
| **Водење Школа за родители и групно советување на учениците кои покажале слаб успех во учењето** | реализирано | По квартали во текот на учебната година | -Законска обврска за сите ученици кои покажале слаб успех (три и повеќе слаби) или покажале големо намалување на успехот.<br>-Се водат законски документи, според процедурите. | |
| **Соработка со наставниците и родителите** | реализирано | Јануари- јуни 2019 | Комплетирање на податоците за секое дете кое е евидентирано и соодветно прифатено и третирано од страна на педагогот и психологот на училиштето.<br>Во текот на работата, покрај наставниците, и родителите се партнери кои се фактор за успешност, се повикуваат, се разговара и договара, а се водат и записници.<br>По потреба се консултира и дефектологот во училиштето | |
| **Водење документација за работата со секој ученик** | реализирано | Јануари- јуни 2019 | - За секој третиран ученик се отвора досие, кое во соодветни услови во канцеларијата на педагогот и психологот, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | се чува и надополнува, по потреба. | |
| **Соработка со институциите од локалната средина** | реализирано | Јанури -јуни 2019 | За успешно спроведување на активностите од доставената програма за работа, беа анимирани и консултирани компетентни институции од локалната средина од кои се бара стручно мислење и доставување извештаи за понатамошен третман на соодветниот ученик.<br>Особено се консултираат Центарот за социјална работа и Центарот за ментално здравје | |
| **Водење Школа за родители и групно советување на учениците кои покажале слаб успех во учењето** | реализирано | По квартали во текот на учебната година | -Законска обврска за сите ученици кои покажале слаб успех (три и повеќе слаби) или покажале големо намалување на успехот.<br>-Се водат законски документи, според процедурите. | |

**Битола, јуни 2019 година**
**Изработиле:**
**Педагошко- психолошка служба на училиште**

## Тим за спроведување на активности од хуманитарен аспект

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | РЕАЛИЗИРАНОСТ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | ПРИЧИНИ ЗА ЕВЕНТУАЛНА НЕРЕАЛИЗИРАНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на список на ученици од социјално ранливи категории** | Детектирање на ученици во училиштето на кои им е потребна материјална помош и поддршка со помош на одделенските наставници и раководители | Септември 2018 година | ППС, одделенски наставници и раководители | =ДА=<br>Формирање на база на податоци за ученици на кои им е потребна помош според критериумите кои се изготвени во училиштето | / |
| **Формирање на ученички тим** | Вклученост на учениците во хуманитарна работа и развивање на чувство на хуманост (со ученици од осмите одделенија) | Септември 2018 година | ППС, ученички тим | =ДА=<br>Непречено спроведување на хуманитарните акции, воведување на ученици со цел обновување на тимот | / |
| **Спроведување на хуманитарната акција наречена: Да си подадеме рака** | Собирање и распределба на зачувани униформи, училиштен прибор (тетратки, | Септември 2018 година | ППС, ученички тим | =ДА=<br>Помош во материјална подготовка на учениците од претходно подготвениот список за претстојната учебна година | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | моливи, боички сл.) на ученици од ранливи категории | | | | |
| **Формирање на ученички тим за спроведување на програмата на ООЦК Битола со помош и поддршка на училишниот АХА тим** | Соработка со локалната средина по програмата на ООЦК Битола | Декември, 2018 година | ППС<br>АХА тим | =ДА=<br>Градење чувства на хуманост кај учениците, запознавање на истите со принципите за спроведување хуманитарни акции, вклучување на учениците во акции од пошироката локална заедница | / |
| **Новогодишна хуманитарна акција: Новогодишно пакетче за секое дете** | Собирна акција на новогодишни пакетчиња и подготовка на пригодна приредба за помош на деца од ранливи категории | Декември, 2018 година | ППС, ученички тим | =ДА=<br>Поттикнување на хуманоста кај учениците и помош на учениците од ранливите категории | / |
| **Учество на тимот од ученици на Новогодишниот пазар** | Продажба на преостанатите новогодишни пакетчиња | Декември, 2018 година | ППС, ученички тим | =ДА=<br>Поттикнување на хуманоста кај учениците за помош на учениците од ранливите категории | / |
| **Состанок на ППС со тимот ученици и договор за што ќе се наменат средствата** | Вклученост на учениците во хуманитарна работа и развивање на чувство на | Февруари 2019 година | ППС, ученички тим | =ДА=<br>Поттикнување на хуманоста кај учениците од тимот, планирање и реализирање на акции.<br>Секоја учебна година | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | хуманост | | | собраните средства се планираат и трошат на училишни материјали што се даваат на социјално немоќните ученици ( по Ликовно образование, Математика, Географија). Оваа година средства беа наменети за потребни материјали по Хемија. | |
| **Хуманитарни посети на локални установи** | Поттикнување на интересите и навиките за во пошироката заедница | По потреба преку целата учебна година | ППС, ученички тим Координаторот од ООЦК Битола за тимот од училиштето | =ДА= Спроведување на програмите од хуманитарен аспект | / |

Битола, јуни 2019 година

Тимот за спроведување хуманитарни акции АХА

## Тим за заштита и спасување и прва помош

| Цели од годишната програма на тимот 2018/2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Евалвација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2017/18 година** | да | Септември 2018 г. | Во месец септември 2018 г. се изврши евалвација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2017/18 година. Целта на оваа активност беше усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето. | |
| **2.Подетално запознавање на членовите на Тимот со Програмата за работа** | да | Октомври 2018 г. | Во месец октомври до сите членови на Тимот во електронска форма беше испратена Програмата за работа на истиот, со барање да се разгледа и сите забелешки , исправки или сугестии навреме да се достават по електронски пат. На тој начин сите членови подетално се запознаа со Програмата на Тимот. Не беа доставени забелешки или сугестии. | |
| **3. Одржување на работилници со наши ученици волонтери во Општинската организација на Црвен крст Битола.** | да | Ноември - декември 2018 г. | -Во текот на месец декември-21.12.2018 волонтерите од нашето училиште реализираа посета на Домот за згрижување на стари лица „Сјуе Рајдер„.<br><br>Во рамките на посетата, на старите и изнемоштени лица им поделија рачно изработени честитки со желби за многу здравје и подобар живот во Новата година. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -На ден 27.12.2018 г. Општинската организација на Црвен крст- Битола во нашето училиштето реализираше работилница на тема: „Пороците на 21 век„.На оваа работилница активно учество зедоа нашите волонтери. | |
| **4.Показна вежба :Тестирање на знак ѕвоно,потсетување на учениците и вработените преку разглас и нивна евакуација** | не | Февруари-март 2019 г. | | Во планираните термини , наставата се оствари и во саботите, како недостиг на работни денови за учебната 2018/19 г. |
| **5. Присуство на наши ученици на големиот хепенинг за одбележување на 17 март Светскиот ден на крводарители и 74 г. Црвен крст на Р Македонија** | да | 16.03.2019 | -На ден 16.03.2019 г. Општинската организација на Црвен крст- Битола реализираше голем хепенинг во центарот на нашиот град на тема: Одбележување на 17 март Светскиот ден на крводарители и 74 г. Црвен крст на Р Македонија „Пороците на 21 век„На овој хепенинг активно учество зедоа нашите волонтери. | |

**Координатор на Тимот:**
**Соња Кузманова**

## Тим за употреба на икт во наставата

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Изработка на програма за работа на тимот за ИКТ** | Реализирано | 08/2018 | Со цел постигање поефективна работа на Тимот за употреба на ИКТ во наставата, а во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, членовите на тимот изработија Годишна програма за работа со осмислување на повеќе активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година. | / |
| **2. Одржување на web страната на училиштето** | Реализирано | Во текот на учебната година | Наставниците задолжени за одржување на web страната на училиштето извршија ажурирање на истата со многубројни информации за наставниот кадар, училишни тимови и комисии, годишни програми, обуки, работилници како и поважни реализирани активности во училиштето. Со објавување на други информации на страната ќе се продолжи и во наредниот период со цел транспарентно информирање за работата во нашето училиште. | / |
| **3.Информирање за тековно спроведени активности** | Реализирано | Во текот на учебната година | Информирањето за тековно спроведени активности во училиштето беше извршено од страна на Тимот за промоција на училиштето преку проследување на мултимедијални презентации и соопштенија на телевизорот поставен во училишниот хол. | / |
| **4. Договор за изработка на** | Реализирано | 10/2018 | По повод Патрониот празник на нашето училиште на одржаниот состанок се одлучи сите стручни активи, | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **училишниот весник “Светлини”** | | | секции и тимови да достават соодветни материјали за потребите на училишниот весник | |
| **5.Прибирање на потребни материјали за весникот** | Реализирано | 10/2018 | Училиштето распиша литературен и ликовен конкурс на тема: „Радоста- трепет во детските срца“ при што потребните материјали и творбите се доставуваа кај одговорните наставници како и на следниот mail: svetlini89ko@gmail.com. | **/** |
| **6.Изготвување на училишниот весник** | Реализирано | 11/2018 | Училишниот весник “Светлини” беше изработен од страна на одговорните наставници и издаден во електронска и печатена форма. | **/** |
| **7.Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот за употреба на ИКТ** | Реализирано | 01/2019 | На одржаниот состанок беше разгледана Годишната програма на тимот и изготвен полугодишниот извештај со реализираните активности од I полугодие. | **/** |
| **8. Изготвување на годишен извештај за работата на тимот за употреба на ИКТ** | Реализирано | 06/2019 | На одржаниот состанок координаторот на тимот заедно со членовите го изработија годишниот извештај за работата на тимот и утврдија дека во текот на учебната година активностите кои беа планирани беа и реализирани.<br><br>Со понатамошни активности ќе се продолжи и во текот на наредната учебна 2018/2019 година. | **/** |

*Датум
15.06.2018 год.

Координатор на тимот
Наташа Лавчанска

## Тимот за прифаќање и реализација на проекти

| ПРОЕКТИ КОИ УЧИЛИШТЕТО ГИ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО МОН,БРО,УСАИД,МЦГО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби | Тим за инклузивно образование | - Обуки за наставниците за изработка на ИОП во согласност со потребите на ученикот<br>- Постојана комуникација наставник- дефектолог- родител.<br>- Изработка на чекори за изработка на ИОП за одделенска и предметна настава. | септември2018-јуни 2019 | Реализирана е работилница за изработка на ИОП од страна на дефектологот и наставниците кои имаат деца со посебни потреби |
| Заедничка грижа за правилно насочување на учениците-вклучување на родителите во училиштето; | Тим на проектот: „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ | - Продолжување на активностите за вклучување на родителите во училиштето;<br>- Реализација на планираните активности; | септември2018-јуни 2019 | Во текот на првото полугодие наставниците имаа соработка со родителите во различни форми и тоа работилници, предавања и учество на часови. |
| **ИНТЕРНИ ПРОЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО НВО,ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ЛОКАЛНА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА** | | | | |
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| Подобрување на квалитетот на наставата преку осовременување на наставни средства и технички помагала | Тим за проекти | - Увид во извештајот од пописната комисија<br>- Изготвување на преглед на постоечките наставни средства<br>- Анкета на потреби по кабинети и спортски сали<br>- Анализа на резултатите од анкетата<br>- Изготвување на предлог буџет | септември2018-јуни 2019 | - Набавени материјално технички ресурси како и потрошен материјал за кабинетите во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | за набавка на материјално техничките ресурси<br>- Набавување на материјално-технички средства и материјали Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства,технички помагала, набавка на потрошен материјал | | |
| Обезбедување средства за реконструкција на соблекувалните во спортската сала училиштето | Директор,<br><br>Тим од наставници и родители<br><br>Технички персонал<br><br>Архитект | -Изработка на предлог проект за подобрување на условите за работа во спортската сала и соблекувалните<br>-Презентација на предлог проектот пред родителите спонзори и локалната заедница | септември2018-јуни 2019 | - Обезбедени материјали од страна на општината за реконструкција на фискултурната сала (дел од санитаријата) |
| Обезбедување (појачување ) на страничните влезни врати и оградување на дворот | Технички персонал и јавни и државни претпријатија<br><br>Наставници Директор, Секретар Комисија за проценка Архитект | -формирање на тим;<br>-Увид на лице место за тоа како изгледа сегашната состојба<br>-Изготвување записник од извршениот увид на состојба;<br>- Изработка на предлог проект;<br>-Изготвување на предлог буџет за изведување;<br>- Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница. | септември2018-јуни 2019 | - Обезбедени страничните влезни врати и оградување на дворот |
| **МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ:** | | | | |
| **Име на проектот:** | **Реализатори:** | **Начин на реализација** | **Планирано** | **Реализирано** |
| **КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТ- LET'S** | Училиште,<br>Основни училишта од | - Интернационални состаноци на | септември2018-јуни 2019 | Реализирани се активности според планот испратен до |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **COLOUR THE FUTURE 2017/2019** | Турција, Бугарија, Италија и Белгија | координативниот тим<br>- Посета на училиштата вклучени во проектот<br>- Изведување на предвидените игри во самиот проект<br>- Мобилност со ученици во Белгија<br>- Интернационален состанок-затворање на проектот | | координаторот и тоа:<br>- Работа на градината-копање на градината и расчистување на теренот<br>- Есенски фестивал-изработка на есенски украси за просториите на училиштето и нивно поставување<br>- Играње на кратки игри (натпревар со топки, царица, пикадо, штафетни игри со топка)<br>- Реализација на мобилност со 8 ученици и 4 наставници и директорот на училиштето во Монс Белгија. Учениците го посетија EuroSpace центарот, Дизниленд, Европскиот парламент и Парламентариумот во Брисел, училиштето и општината во Монс и заедно со учениците од другите земји комуницираа, споделуваа знаења и искуства и се дружеа.<br>- На последниот состанок во Италија, координаторот Виолета Стевановска го поднесе финалниот извештај заради завршувањето на проектот |
| **КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТ-** „Учење за надминување на | Нашето училиште и Турција како координатор, Грција, Литванија, Полска и Италија | - Интернационални состаноци на координативниот | Септември 2018-јуни 2019 | Реализирани се планирани активности од проектот<br>- Посета на училиштето во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| елементи на насилство“ или во оригинал "Learning to Overcome Violence Elements"- L.O.V.E. | | тим<br>- Посета на училиштата вклучени во проектот<br>- Изведување на предвидените игри во самиот проект | | Турција од страна на координаторот, директорот и наставник по англиски<br>- реализирана работилница за наставниците за запознавање со проектот и доделување на листа со работилници за наставниците во одделенска настава<br>-Поста на училишта во Полска и Италија како партнери во проектот<br>-Реализирани дисеминации и активности во одделенска настава |
| **КА2- ERASMUS+ ПРОЕКТ-** What's Next-Професионална ориентација на учениците | Нашето училиште заедно со училишта и советници од Данска, Германија, Полска и координаторот Норвешка | - Интернационални состаноци на координативниот тим<br>- Посета на училиштата вклучени во проектот<br>- Изведување на предвидените активности во самиот проект | Јануари/јуни 2019 | Реализирани се планирани активности од проектот<br>- Посета на училиштето во Норвешка од страна на две наставнички<br>- реализирана работилница за наставниците за запознавање со проектот<br>- запознавање на учениците со активностите кои следуваат |
| **Scientix** | Наставници членови на платформата | Реализација на активности во зависност од целите на проектот | септември2018-јуни 2019 | - Приклучување кон проекти и настани на платформата |
| **Etwining** | Наставници членови на платформата | - Реализација на активности во зависност од целите | септември2018-јуни 2019 | - Приклучување кон проекти и настани на платформата.<br>- пополнување на апликација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на проектот<br>- пополнување на апликацијата од страна на Виолета Стевановска и Снежана Стојанова | | од E-twinning за добивање на ознака на e-twinning училиште и добивање на ознаката |
| **Innovate your dreams** | Наставнички од II одделение | - Реализација на превидените активности<br>- Пишување на извештаи од работилниците и извештаите | Јануари/март 2019 | - Приклучување кон интернационален online проект во кој учествуваа и се сертифицираа и наставниците и учениците |

**Изготвил/тим за прифаќање и реализација на проекти:**
**Координатор**
Снежана Стојанова
**Членови:**
Виолета Стевановска
Снежана Захариева
Соња Кузманова
Бојана Димовска

## *Тим за ПМИО*

Годишен ИЗВЕШТАЈ одТимот на
МУЛТИЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ТЕКОТ НА
2018-2019год.

За учебната 2018/2019 година, тимот на ПРОЕКТОТ ЗА МУЛТИЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО имаше изготвено програма за цела година 2018/2019 год., но иако Проектот е завршен сепак на часовите од Програма за образование за животни вештини се одржуваат и се промовираат придобивките од Проектот за меѓуетничка активност во образованието.

**Тимот за Меѓуетничка интеграција за Млади во образованието** е составен од Гордана Анастасова, Славица Костевска, Кети Секуловска, Лидија Шунда Шокларовска, Атанас Пеев, Билјана Печипајковска. Активностите на членовите од Тимот е претежно помагање во изработката на часовите и други активности.

Следи табела за преземените активности на проектот за првото полугодие.

1 Изработка на Програма за МИО за 2018/2019 год.

2. Реализирани активности од страна на наставниците било самостојни или заеднички со партнер училиште. Претежно се реализираат самостојни активности во рамките на училиштето, заради економски причини.

3. МИО активности во склоп на часовите од „Животни Вештини“ и интегрирање со активностите од Поектот за Училиште без насилство.

АКТИВНОСТИТЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПРИ
ОУ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА за 2018/2019 год.

| Цели на програмата | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Опис на активноста** | **Забелешка (зошто не е реализирана одредена активност)** |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма и извештај за Мултикултурализам, Меѓуетничка активност во образованието | Членови на училиштен тим | август 2018 год. | Изработка на програма и извештај за активностите | /////// |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Се негува и развива мултикултурализмот, се надминуваат предрасудите и стереотипите помеѓу различните етнички заедници, се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи, со доближување, надминување на различностите и добивање трајни вредности (почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина). | Членови на училиштен тим и наставници | Септември 2018 год. – јуни 2019 год. | Изработка на часови по ОЖВ според програмата на Одделенската заедница | Часовите се реализираат и се вклучуваат сите ученици кои се од други етнички заедници. Часовите се реализираат според програмата но со помал интензитет како резултат дека проектот е завршен. |
| Презентирање на активностите на Пано во училиштето | Членови на училиштен тим и наставници | Септември 2018 год. – јуни 2019 год. | Изработки од часовите по ОЖВ и од Проектот за Училиште без насилство | Нема доволно апликации во холовите, поради запирање на проектот и наставниците не се мотивирани. |

Се негува и развива мултикултурализмот, се надминуваат предрасудите и стереотипите помеѓу различните етнички заедници, се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи. Придобивките од проектот (ПМИО) продолжуваат да се негуваат и после завршувањето, и тоа со доближување, надминување на различностите и добивање трајни вредности (почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина).

- Односи меѓу сите структури, вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на МИО за млади во образованието во училиштето и преку Проект – Мултиетничка интеграција за Млади во образованието.

Дата:
16.06.2019 год.

Изготвил:
Координатор на Тимот
*Славица Костевска*

### *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците*

Во учебната 2018/2019 година, тимот на проектот ја следеше програмата за работа на истиот и реализира голем дел од планираните активности. Следи табела во која што е дадена временската рамка на реализација и краток опис на самите активности.

**ЦЕЛ**: Зајакнување на врската „родител- ученик- наставник“, преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес во основното образование

| Ред.бр. | Активност | Време | Опис |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Родителот е наставник** | 28.9.2018<br>16.10.2018<br>20.11.2018<br>16.11.2018<br>23.03.2019 | Родители држеа предавања и имаа улога на наставник во текот на редовни часови или слободни ученички активности.<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br><br>Валентина Вељановска<br>Ана Спирова Кочанковски<br>Весна А. Димитровска<br>Даниела Петковска<br>Надица Трпковска |
| **2.** | **Работилница** | 20.12.2018<br>25.12.2018<br>21.12.2018<br>19.12.2018<br>17.12.2018<br>25.12.2018<br>30.3.2019 | Работилници како дел од редовните часови, додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности или вонннаставни активности<br>Наставници кои реализираа ваква активност:<br>Печипајковска Билјана<br>Даниела Петковска<br>Весна А. Димитровска<br>Виолета Стевановска<br>Лилјана С. Алабаковска<br>Елица Митревска<br>Велика Дуковска |
| **3.** | **Хуманитарни акции** | 17.12.2018 | Собирање на новогодишни пакетчиња за социјално ранливи категории<br><br>-сите одделенски наставници и класни раководители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Посети** | 17.12.2018<br><br>21.10.2018 | Посети на работни места на родители, театар, кино ...<br>Ана Спирова Кочанковски<br><br>Виолета Поповска |
| 5. | **Родителска отворена средба** | секој последен понеделник и вторник од месецот | Родителите индивидуално се среќаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците. |
| 6. | **Новогодишен базар** | 26.12.2018 | Родители, наставници и ученици заеднички да изработуваат сувенири кои се изложуваат и продаваат на овој базар.<br><br>-сите одделенски наставници и класни раководители |
| 7. | **Приредби** | 30.10.2018 | Вклучување на родители во тимот за приредби и претприемнички активности<br><br>-Совет на второ одделение( приредба и претприемнички настан) |
| 8. | **Одиме на излет** | 3.6.2019 | Ученици, родители и наставници на заеднички излет<br><br>Печипајковска Билјана |
| | | | |

Подготвил:
Координатор на проектот: Билјана Печипајковска

## Тим за грижа за здравјето

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка (зошто не е реализирано) |
|---|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците;** | Реализирано | септември, 2018 | Оваа година Советот на родители одлучи осигурувањето на учениците од I до IX одделение да се спроведе преку осигурителната компанија Уника – Скопје. Сумата за осигурување изнесуваше 100 денари за секој ученик. | |
| **Преземање на мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист;** | Реализирано | 08.10.2018 | Здравствено предавање – Алкохолот и младите | |
| | | 07.11.2018 | Здравствено предавање_Вошливост | |
| | | 12.11.2018 | Здравствено предавање:  ГРИП ; | |
| | | 30.11.2018 | Здравствено предавање: 1-ви Декември - Светски ден за борба против болеста СИДА; | |
| | | 24.12.2018 | Здравствено предавање-Младите и наркоманијата | |
| | | 25.02.2019 | Здравствено предавање- Морбили – мала сипаница | |
| | | 13.05.2019 | Здравствено предавање- Хигиената – услов за здрав живот | |
| **Систематски прегледи на учениците;** | Реализирано | ноември, март 2017/18 | Задолжителни систематски прегледи се извршени за  учениците од: I, III, V VII и IX одд., кои опфаќаат: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). | |
| **Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите;** | Реализирано | септември, март 2018/19 | Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. | |
| **Редовно генерациско вакцинирање на учениците;** | Реализирано | септември, март 2018/19 | Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, а се спроведува во ЈЗУ Здравствен дом, амбуланта при Средно училиште ЈОСИП БРОЗ ТИТО. Опфатени се учениците од I, III, V, VII одделение. | |
| **Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции – ОЖВ;** | Реализирано | 2мај, 2019 | Во состав на ОЖВ секој одделенски наставник одржа работилница на оваа тема. Целта беше секој ученик да:<br>ја сфаќа потребата од активно спротивставување<br>на консумирањето психотропни супстанции ,<br>• ја сфаќа штетноста по здравјето од употребата на droги,<br>• прифаќа дека има лична | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | одговорност во донесување одлука за консумирање психотропни супстанции,<br>• сфати дека е позитивно да се спротивстави на притисокот од другите кои<br>промовираат и/или консумираат психотропни супстанции.<br>Во овој контекст, во јуни беше одржано предавање за штетноста на пушењето од страна на Центарот за јавно здравје. | |
| **Предавање: ,,Влијание на храната врз физичкиот и психосоматскиот развој на децата" – Еко градина Климентина, ОЖВ** | Реализирано | април 2019 | Со цел стекнување на навики за здрава исхрана, на час од ОЖВ се одржаа работилници на оваа тема. Ставови кои се развија кај учениците се:<br>• Во текот на денот треба да има повеќе правилно распоредени оброци;<br>• Традиционалната исхрана не секогаш е добра за здравјето;<br>• Дел од болестите можат да бидат спречени или излекувани со соодветна исхрана. | |
| **Работилница: Водење грижа за личната хигиена ОЖВ** | Реализирано | мај, 2019 | Работилница: Козметички средства се спроведе на час за ОЖВ, а учениците:<br>- се запознаа со опасноста од несоодветна употреба на средствата за одржување лична хигиена,<br>· ги увидоа последиците од несоодветна употреба на козметички средства,<br>· научија дека размената на облека е | **Работилницата наставниците ја реализираа со своите одделенија во склоп на ОЖВ** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | нехигиенска.<br>· умеат да прават соодветен избор на козметички средства,<br>· сфатија дека не треба да се разменува облеката со други и дека козметичките средства не се замена за средствата за лична хигиена. | |
| **„ Психички промени во пубертетот “** | Реализирано | мај, 2018 | Трибина со ученичките од шесто одделение во врска со пубертетските промени, почетокот на предменструалниот и менструалниот период. Реализатор е училишниот психолог (каде има и подетален извештај ) | |
| **Одржување на хигиената во домот и училиштето;** | Реализирано | септември – јуни | Во текот на целата година, одделенските раководители спроведуваат чистење на просториите во училиштето со нетоксични средства. Во училиштето по однапред договорен редослед на одговорни одделенија и наставници, се спроведуваат еко патроли во училишниот хол (во поладните месеци) и во училишниот двор (во потоплите месеци). | |

## Еко тим

Годишен извештај за работата на еко тимот

Во текот на учебната 2018./2019.се одржаа два состаноци со членовите на еко тимот.

На првиот  состанок се разгледуваа избраните точки на акција по претходно направена анализа на состојбата и беше направен план за реализација на планираните активности во текот на учебната година.

Во соработка со„Interworks“ во училишниот двор беа посадени зимзелени дрвја.

Гости во нашето училиште во текот на првото полугодие беа Пакомак со нивната кампања „Хокус Покус“,чија цел е едукација на младите за важноста на рециклирањето во заштита на животната средина. Магионичарот Кристијан Шопов другаруваше со дечињата, при што атмосферата беше многу позитивна како и целата претстава.

Во соработка со здружението „Сфера“од Битола со учениците од шесто и седмо одделение се реализира работилница од еколошки карактер- изработка на фигури и предмети од рециклирајќи материјали.

На вториот состанок се дискутираше за официјално поставување на зелено знаме,одбележување на месецот на екологијата преку распишување на конкурс „Драма со еко содржина“ за училиштата во Битола ,реализација на  активности во текот на второто полугодие по тимови, беше презентирана информација за претстојниот конкурс Еко пакет Македонија и вклучување на дефектологот и образовните асистенти со еден тим од ученици со посебни потреби .

Во соработка со ЈП„Комуналец“ се одржа презентација за идна соработка како и засадување на садници во училишниот двор. Исто така ова претпријатие во текот на учебната година ги одржуваше зелените површини во училишниот двор.

Еко тимот за одбележување Месецот на екологијата распиша конкурс за драма со тема „Еко желби“.На конкурсот учество зедоа драмските секции од основните училишта во градот. Истиот  беше со натпреварувачки карактер при што драмата од нашето училиште под менторство на наставничката по македонски јазик Соња Петровска го освои првото место.

Во акцијата  за собирање батерии  прво место освоија  паралелките III-2 со наставничката Велика Дуковска и III -4 со наставничките Ана Спирова и Кате Каревска.

Во продолжение следуваат годишните извештаи по еко стандарди

## *ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија*

Тимот за заштеда на енергија во учебната 2018/2019 година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| **Точка на акција бр.4 Формирање на еко- патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности.** | реализирано | Два пати (неделно) 2018/2019 Септември - октомври | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите во одделенска настава Пандора Алексова Запаренко и Марија Крстевска во предметна настава Снежана Захариева, направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени. Списоците следат подолу во продолжение. |
| | | | Преку цела година се вршеше теренско набљудување од страна на еко патролите, за состојбата во училниците, водење на пишана евиденција - извештај и доставување на одговорниот наставник. |
| **Точка на акција бр.3 - Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија.** | реализирано | септември/октомври 2018/2019 | Со цел подигнување на еколошката свест кај учениците за штедење на електричната и топлинската енергија, учениците од четврто и петто одделение со одговорните наставници: Марија Крстевска и Пандора Алексова Запаренко изготвија упатства рационално користење на електрична и топлинска енергија. Упатствата беа поставени на видни места во ходниците на училиштето. |

Изготвил:Тим за заштеда на електрична енергија

*ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода*

Тимот за заштеда на водата во учебната 2018./2019. година, држејќи се на точките на акција и планот на активности, го реализираше следното во одминатиот период:

| Цели од годишната програма на тимот | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите |
|---|---|---|---|
| **Точка на акција:<br>7.Формирање на еко-патроли (група на ученици, односно деца) вклучени во реализација на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и го контролираат процесот на имплементација на овие активности.** | реализирано | септември 2018/2019 | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите во одделенска настава Вера Лајмановска и Катерина Трајковска направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени. Списоците следат подолу во продолжение. |
| **Точка на акција 1<br>Анализа на состојбата на водоводната инсталација.** | реализирано | Еднаш неделно во текот на учебната година | Теренско набљудување од страна на еко патролите, водење на пишана евиденција - извештај и доставување на одговорниот наставник. |
| **Точка на акција:<br>6.Назначување на одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во училиштето, односно групи во градинките за спроведување на горенаведените точки на акција.** | реализирано | септември/ октомври 2018/2019 | Тимот се состана и одлучи кое лице за која точка на акција ќе биде одговорно и надлежно да ја набљудува, координира и води. Се поделија улогите и се разјаснаа задачите. |
| **Точка на акција:<br>4.Обезбедување на техничка вода за одржување на зелените површини во дворот со поставување на буриња или цели инсталации за собирање на дождовницата (оваа вода ќе се користи за наводнување на зеленилото, чистење на дворот и слично).** | Реализиран првиот чекор од активноста | учебна 2018/2019 година | Тимот се состана со хаус мајсторите, се утврди местото каде би биле поставени бурињата и како истите би изгледале, каква би била нивната функција |

Изготвил:

Еко тим за заштеда на вода

*ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина*

| Цели | Активности | Реализатори | Време на реализација | Причини за нереализирање на активноста |
|---|---|---|---|---|
| **4. Собирање на неупотребливи предмети како што се остатоци од училишен прибор, остатоци од производи за хигиена, остатоци од амбалажа.** | -Собирна акција на празни пластични шишиња.<br>-Оформување на шишињата во вид на држачи за креди и декорирање на шишињата со хартија.<br>-Поклонување на држачите за креди по училници. | **Учениците од III-2 и одделенскиот наставник Велика Дуковска** | **07.2.2019** | **/** |
| **1.Ослободување од непотребните предмети во зградата (скршени клупи, саксии, вазни, табли, стари и исушени цвеќиња и слично).** | -Собирање на стари неупотребливи батерии од различни видови во специјална кутија наменета исклучиво за собирање на отпадни батерии.<br>-Во текот на учебната година учениците собраа повеќе од 10kg отпадни батерии кои на крајот од учебната година ги предадоа на компанијата Елколект.<br>-Учениците добија симболична награда топка и фризби како и по еден држач за полнење на мобилен телефон за секој ученик.<br>-Учениците беа прогласени за суперхерои за учебната 2018/19 година. | **Учениците од III-2 и одделенскиот наставник Велика Дуковска** | **септември 2018 – мај 2019** | **/** |
| **4. Собирање на неупотребливи** | Собирна акција на празни пластични шишиња, капачиња од пластични шишиња и линолеум; | **Ученици од VII, VIII и IX одделение и наставничките** | **Февруари-Април 2019** | **/** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **предмети како што се остатоци од училишен прибор, остатоци од производи за хигиена, остатоци од амбалажа.**<br><br>**Истакнување на упатства за одржување на зграда и здрава средина во училиштето и градинката во сите простории.** | 1.Изработка на корпи за селектирање отпад од пластични шишиња, капачиња и линолеум;<br>2.Обојување на корпите;<br>3.Пишување пораки за селектирање отпад ;<br>4.Поставување на корпите во централниот хол на училиштето;<br>-Собирна акција на пластични кеси за корпите.<br>Во почетокот на второто полугодие учениците од седмо и осмо одделение направија истражување за изработка на корпи за селектирање на отпадоци од рециклирани материјали. Избраа модел на корпи изработени од пластични шишиња, капачиња и употребен линолеум.<br><br>5.Корпите беа изработени со помош на учениците од IX одделение и обоени според намената за селектирање отпад.<br>- Учениците пишуваа пораки за селектирање и рециклирање отпад.<br><br>6.Кантите и пораките се поставени во централниот хол на училиштето. Собрани се пластични кеси за употреба во кантите за отпадоци.<br>Активноста е реализирана под мотото:<br>**ОПЛАНЕТИ СЕ- СЕЛЕКТИРАЈ И РЕЦИКЛИРАЈ** | **Виолета Поповска и Снежана Захариева**<br><br>**Хаусмајтор** | | |

*ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор*

| **Цели** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** |
|---|---|---|---|
| **- Точка на акција бр.1**<br>**Отстранување непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот** | Реализирано | Септември- јуни 2018/19 | одржување на чиста средина<br>- развивање на еколошка свест |
| **- Точка на акција бр.9**<br>**Редовно чистење на дворот** | Реализирано | Еднаш седмично во тековната 2018/19 | одржување на чиста средина<br>- развивање на еколошка свест |
| **- Точка на акција бр.10**<br>**Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата)** | Реализирано | Во есен и пролет 2018/19 | одржување на чиста, уредна и пријатна средина<br>- развивање на еколошка свест |
| **Точка на акција бр.15**<br>**Формирање на екопатроли (група на ученици вклучени во реализација на точките на акција)** | Реализирано | Септември 2018 | - одржување на чиста средина<br>- развивање чувство на одговорност<br>- развивање на еколошка свест |

Изготвил
Тим за уреден и еколошки двор

## *ЕКО СТАНДАРД 5. Отпад*

| **Цели од годишната програма на тимот** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** |
|---|---|---|---|
| **Точка на акција бр.1. Поставување на корпи за селекција на отпад** | реализирано | -октомври 2018<br>-во текот на цела учебна година | -Во соработка со ЈПКомуналец поставени се корпи за селекција на отпадот(хартија и пластика)<br>-Еднаш во месецот доаѓаат одговорни работници кои го собираат и евидентираат селектираниот отпад. |
| **Точка на акција бр.4 Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место** | реализирано | септември 2018 | Тимот постави упатства за селекција на отпадот на видно место и еднаш неделно преку разглас се известуваат учениците и вработените за акција за собирање на пластични шишиња и стара хартија и селектирање на истите на соодветно означено место |
| **Точка на акција бр.5 Формирање еко патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности** | реализирано | септември/октомври 2018/2019 | За реализација на точката на акција, одговорните наставници за еко патролите направија почетен избор на ученици за еко патролите, но во текот на учебната година можни се и измени |
| **Точка на акција бр. 6 Воспоставување пракса за селекција на отпадот при одржување на настани** | реализирано | Во текот на цела учебна година | На сите наши организирани активности учествува и ЕКО патролата, која врши собирање на отпад и средување на училиштето, по настанот(прием на првачиња во Детска организација, прослава на патронат, разни приредби и настани). |

Тим за еко стандард 5- ОТПАД
Печипајковска Билјана
Јовановска Билјана
Гилевска Марија

## *ЕКО СТАНДАРД 6:Транспорт*

| **Цели од годишната програма** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** |
|---|---|---|---|
| **Поттикнување на праксата за користење велосипеди кај учениците и вработените** | Реализирано | септември 2018 | Беше одредена локација каде ќе биде поставена паркинг зоната за велосипеди која би се користела од страна на вработените и учениците во училиштето. |
| **Стекнување вештини кај учениците за вешто возење со велосипед** | Реализирано | април/мај 2019 | Наставниците од еко тимот Транспорт организираа подготвителни активности при што беа вклучени 6 ученици од нашето училиште кои ги усовршуваа техниките на вешто возење со велосипед преку користење на реквизити со кои располага училиштето. |
| **Зголемување на бројот на ученици и вработени кои користат велосипед** | Реализирано | во текот на II полугодие | На часовите по техничко образование беа изработени неколку упатства со цел да се создаде навика учениците и вработените почесто да го користат велосипедот како превозно средство во секојдневниот живот.<br><br>На ден 01.06.2019 беше организиран натпревар „Детски семафор 2019“ на кој што нашите ученици практично ги применуваа техниките за вешто возење и сообраќајните правила и прописи како велосипедисти. |

**Членови на тимот**
Наташа Лавчанска
Дарко Аврамоски
Слободан Ристевски

**Изготвување на едукативен филм „ЕНЕРГИЈАТА ВРЕДИ, ТРЕБА ДА СЕ ШТЕДИ“**
**Посета на алтернативен извор на енергија- Краварска фарма и биогасна-ЗК-Пелагонија**

| **Планирани активности по месеци** | **Реализирани активности по месеци** |
|---|---|
| Разгледување на програмата за работа и планирање на активноста | Во текот на месец септември беше формиран ученички тим од ученици и наставници коишто учествуваа во активноста и истата се започна со планирање во месец октомври |
| Прва фаза од активноста:<br><br>Осмислување концепт за претстојниот настан по повод Светскиот ден за заштеда на енергија.<br><br>Осмислување концепт за едукативниот филм за деца „Енергијата вреди, треба да се штеди“.<br><br>План за посета на алтернативен извор на енергија- краварската фарма и биогасна-ЗК-Пелагонија | Сите одговорни наставници од овој тим најпрво го определи ја логото на овој настан „Енергијата вреди, треба да се штеди“.<br><br>Сите одговорни наставници се договорија заеднички за концептот на настанот:<br><br>Презентација на едукативен филм за децата да научат како да ја штедат електричната енергија, презентација на едукативен филм од посета на Биогасна-ЗК-Пелагонија ,презентација на пароли за заштеда на електрична енергија и топлина.<br><br>Одговорен наставник за концептот и монтажа на едукативниот филм „Енергијата вреди, треба да се штеди“ е Сузана Дишковска.<br><br>Улогите за филмот ги добија ученици од V-5 одд.<br><br>Одговорен наставник за работа и подготовка на овие ученици беше наставничката Марија Крстевска.<br><br>Одговорен наставник за подготовка и презентација на паролите –Пандора Алексова Запаренко.<br><br>Одговорни наставници за посета на краварската фарма ЗК- |

| | |
|---|---|
| | Пелагонија<br><br>Виолета Стевановска и Елица Митревска |
| Втора фаза од активност:<br><br>Изготвување на пароли и плакати за заштеда на електрична енергија.<br><br>Реализација на планираната посета на алтернативен извор на енергија. | Учениците од IV-3 одд. истражуваа и тоа го преточија во упатства како да се заштеди електричната енергија.<br><br>Учениците од II одделение беа во посета на краварската фарма и биогасна и подетално се запознаа со уште еден начин за производство на електрична енергија. |
| Одржување на настан во чест на Светскиот ден за заштеда на енергијата. | На ден 15.03.2019, 12 часот, во училишната трпезарија се одржа настан на тема„Енергијата вреди, треба да се штеди“. Настанот се одржува традиционално по повод Светскиот ден за заштеда на електрична енергија и топлина.<br><br>По презентацијата беа поставувани прашања и се водеше кратка дискусија, се увиде дека информациите кои беа пренесени наидоа на интерес кај слушателите. |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ ЗА ВОДА

АКТИВНОСТ – ПОСЕТА НА ФАБРИКАТА ЗА ВОДА ,, ПЕЛИСТЕРКА "

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| Разгледување на програмата за работа и планирање на активноста | Во текот на месец септември беше формиран ученички тим од ученици и наставници кои ќе учествуваат во активноста и истата се започна со планирање во месец октомври. |
| Прва фаза од активноста:<br>Посета на фабриката за вода ,,Пелистерка" | Тимот за вода ја реализираше предвидената посета на 18.03.2019 заедно со учениците од I -2 одделение и ученици од VII одд., со одговорните наставници Јасна Гулевски и Катерина Трајковска. Тимот беше пречекан од стручни вработени лица во фабриката, кои преку прошетка низ фабриката им објаснаа на учениците за начинот на производство на вода и сокови, составот на водата, изворот, историјата на фабриката, извозот и сл. |
| Втора фаза од активност:<br>Анализа на собраните податоци, формирање на група за презентација, создавање на презентација, закажување на ден за презентација | Учениците заедно со наставниците формираа презентациона група со посебен акцент врз одредени делови од набљудуваната активност, се работеше на создавање Power point презентација и потоа се одреди ден за одржување на активноста. |
| Одржување на активноста во чест на Светскиот ден за заштеда на водата- 22 март | На ден 22.03.2019, во 12 часот, во училишната трпезарија се одржа презентација за водата и производството на вода во фабриката ПЕЛИСТЕРКА од страна на група ученици кои беа во посета на фабриката. На презентацијата присуствуваа ученици од сите возрасти, предметни и одделенски наставници, родители, ППС, директор од ПЕЛИСТЕРКА итн. Пред презентацијата учениците од прво одделение пееја песна за водата, а на крајот од презентацијата лепеа зборови -придавки и именки за водата, на кои сами се сетија на претходните часови преку БУРА НА ИДЕИ. |

## Тим за училиште без насилство

Во текот на учебната 2018/2019 година и во согласност со претходно изработената програма за работа на училишната заедница Училиште без насилство се реализирани следните активности:

- Формирање на ученички тим во втората седмица на месец септември. Тимот го сочинуваат учениците Василиј Тасевски IX-3, Христина Чипуровска IX-3, Ана Јошевска IX-4, Јоана Кочишка IX-4, Маргарита Димовска IX-2 и Кристина Кајтез IX-2 како постојани членови со можност за вклучување на други ученици зависно од потребите на тимот за Училиште без насилство.
- Во согласност со програма за работа на Училиште без насилство за учебната 2018/2019 и со цел запознавање на учениците во различни видови на насилство во училиштата и домовите, тимот на ученици и тимот на наставници учествуваа во следниве активности:

  - 07 ноември 2018 година одговорниот наставник на тимот Цвета Крстевска со тимот на ученици во состав Василиј Тасевски, Христина Чипуровска, Ана Јошевска, Јоана Кочишка и Маргарита Димовска зедоа активно учество на работилница за препознавање на родовото насилство во училиштата и семејствата во организација на Здружение на жени Престиж од Битола. Работилницата се одржа во О.У. Елпида Караманди – Битола во рамките на реализација на проектот *“Промоција и едукација за Истамбулска Конвенција – најзначајниот меѓународен документ за борба со семејното насилство”* поддржан од Совет на Општина Битола.
| **Приредба по повод 24Мај, Денот на словенските просветители** | реализирано | 28.05.2019 | По повод 24 – ти Мај, денот на словенските просветители, Св. Кирил и Методиј во нашето училиште беше организирано одбележување со кратка приредба подготвена од членовите на училишното радио, под раководство на наставничката Оливера Илиевска. Програмата се состоеше од краток рецитал – драматизација посветена на словенските просветители, Кирил и Методиј и нивниот ученик Климент Охридски. Покрај членовите на училишното радио, за потребите на рециталот, беа земени и двајца ученици од второ одделение, Алексеј и Јани Попоски. Приредбата беше изведена во училишната трпезарија, во присуство на родители, наставници, ученици. На истиот настан беа доделени награди, признанија, пофалници на најуспешните ученици, настан што традиционално се случува во нашето училиште. | / |
| *****Прием на Јапонската амбасадорка Кеико Ханеда** | | 9 Мај 2019 | Беше организирана кратка приредба по повод доаѓањето на Јапонската амбасада со цел посета на училиштето и поставената донација (дограма) од нивна страна. Учество зедоа учениците од второ и осмо одделение. По завршувањето на приредбата беа посетени неколку училници,а после тоа следуваше коктел,на кој беа поканети сите присутни гости и медиуми. | Настан кој што не беше планиран |

**Изработил:**
Претседател на тимот за прослави и приредби
**Марија Крстевска**

## *Тим за соработка со локалната заедница*

| Цели од годишната програма на тимот 2018/2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1 . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** <br> **Цели- Подобрени услови во училиштето со цел пренесување на порака дека сите деца се еднакви и дека не треба да се дискриминираат.** | Да | 05.09.2017 | Одбележана Детската недела оваа година под мотото „Градиме мостови, чекориме напред!“ | |
| **2. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** <br> **Цели- Подобрени услови во училиштето** | Да | 10.10 2018 | Здружението за унапредување на образованието КОНЕДУ ГЛОБАЛ Скопје во нашето училиште одржа активности со учениците и наставниците од одделенска настава по повод неделата на кодирање во ЕУ. Активностите беа со цел промоција на кодирањето за подготовка на децата и младите за дигиталниот свет на иднината. | / |
| **3. Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни)** <br> **Цели- Развивање на свеста кај учениците** | Да | 12.10 2018 | Гости во нашето училиште Пакомак со кампањата „Хокус Покус“со едукација на младите за важноста на рециклирањето во заштита на животната средина. Kristian Shopov другаруваше со дечињата. Имавме прекрасна атмосфера | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 12.10 2018 | Младински културен центар – Битола во соработка со ОУ <u>Климент Охридски Битола</u> и со групата Триангл од Скопје овозможија повеќе од 200 дечиња во Битола да уживаат со детската, интерактивна, музичко -драмска претстава "Операта на шумските животни". | / |
| **7. . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**8. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето**<br><br>**9. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да<br><br>Да<br><br>Да | 30.11 2018<br><br>30.11 2018<br><br>03.12 2018 | Одбележување на 1 Декември светски ден за борба против сидата со учество на ученици членови на училишното радио. Активноста беше реализирана во соработка со претставници на центарот за јавно здравје.<br>Одговорен наставник: Оливера Илиевска<br><br>Нашето училиште во периодот од 01.09.2018-30.09 2020 е дел од Erasmus + proektot Learning to Overcame Violence Elements, во партнерство со пет земји: Турција, Литванија, Полска, и Италија. Првата мобилност се реализира во периодот од 26.11.2018-30.11 2018 во Хендек Турција. На истата присуствуваа тројца претставници од нашето училиште.<br><br>Одбележан 3ти декември Меѓународниот ден на лицата со инвалидитет.<br>Организатор на настанот е нашиот дефектолог Андријана Шокларовска и Лајонс клуб „Кабадаја"<br>И наши ученици имаа свое Дефиле низ Широк Сокак, како своевиден апел дека лицата со инвалидитет треба да се прифатат како рамноправни членови на заедницата и испратија балони во воздух со | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | свои пораки против дискриминација. | |
| **10. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 08.12 2019 | О.У.Св.Климент Охридски дел од голем проект "Учење за надминување на елементи на насилство". | |
| **11. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 28.01 2019 | Волонтерите на Црвен крст – Битола во О.У. Св.Климент Охридски имаа дисеминациско предавање со кое се објасни дејноста на Црвениот крст, а воедно и обука по прва помош. | |
| **12. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 15.02 2019 | Едукативна работилница со ученици и наставници на тема Cyberbyllying реализирана од д-р Sала Бојковска-Здружение на граѓани Семпер Битола, дел од проектот "Заштита,подобрување, учество, едукација и информирање"поддржан од ЕУ програма на Еразмус+. | |
| **13. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 26.02 2019 | Плакета за успешно реализиран настан „Дијабетот е моето секојдневие“.<br>Се надеваме дека оваа плакета ќе биде мотивација за повеќе вакви настани реализирани од наставниците, родителите и учениците во нашето училиште. Еден веќе реализиран настан на 20.02.2019 година „Денот на мајчиниот јазик“. Следен настан е „Мал драмски фестивал“ кој ќе се реализира во месец март на ниво на општина Битола, а организатор е Еко тимот од нашето училиште | |
| **14. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,**<br><br>**16. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,**<br><br>**17. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да<br><br>Да<br><br>Да | 03.03 2019<br><br>13.03 2019<br><br>19.03 2019 | Предавање "Штетноста од пушењето" со учениците од шестите одделенија, реализирана од претставници од Центарот на јавно здравје<br><br>Четири битолски основни училишта меѓу кои е и нашето, ја јакнат свеста за заштита на животната средина преку одбележување на Envirate Week, во соработка со Општина Битола и јавното претпријатие "Комуналец".<br><br>Реновирани соблекувални и осветлување во салата во нашето училиште, во соработка со Општина Битола, РЕК Битола и Советот на родители од нашето училиште. | |
| **18. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 20.03 2019 | Соработка со СВР Битола и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата по повод формирање на училишни сообраќајни единици. Цели:унапредување на сообраќајната култура и превентивно делување кај децата како учесници во сообраќајот | |
| **19.Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 10.04 2019 | Соработката меѓу МВР и нашето училиште продолжува. Во таа насока на 8.4.2019година во просториите на училиштето беше реализирано предавање со ученици од седмо одделение на тема: „Злоупотреба, заштита и мерки на претпазливост при користење на социјалните мрежи“. Предавањето помина | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | во пријатна атмосфера во која активно учествуваа учениците, присутните наставници и училишниот психолог. Следна активност ќе биде реализација на ваков настан во присуство на родители | |
| **20.Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 22.04 2019 | По повод 22ри Април - Денот на планетата Земја, нашето училиште се вклучи во одбележувањето на овој ден преку активност организирана од ЈП Комуналец. Активноста се состоеше во делење на флаери на случајните минувачи во Новиот Пазар. Учениците од III-2 преправени во различни живи суштества од планетата Земја покрај флаери на минувачите им споделија и совети за правилно селектирање на отпадот за заштита на планетата Земја. | |
| **21. .Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 23.04 2018 | Нашето училиште Св."Климент Охридски" заедно со Просветно дело и авторите за деца, во една пријатна и интерактивна атмосфера со нашите ученици и учениците гости од О.У "Крсте Петков Мисирков" од Бистрица и Св. "Кирил и Методиј" од Битола го обележаа 23 Април ден на книгата и авторското право. | |
| **22. Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 04.05 2018 | Посета на учениците од второ одделение во Млекарата Здравје-Радово | |
| **23. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и** | Да | 09.05 2018 | Посета на амбасадорката на Јапонија н.е. Кеико Ханеда во нашето училиште | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | | | | |
| **24. . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 09.05 2018 | Одбележан Денот на Европа. Нашето училиште ја претставуваше Шведска. | |
| **25. Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 11.05 2018 | Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во соработка со СВР Битола денес со низа манифестации го одбележаа 11 Мај, Денот на сообраќајната култура во Битола на неколку локации и со неколку настани со цел подигнување на свеста кај учесниците во сообраќајот за почитување на сообраќајните правила и прописи | |

Подготвил:
Координатор на проектот: Елена Угарчева

### *Тим за соработка со НВО*

ЦЕЛИ: Вклучување на учениците во различни активности кои се поврзани со наставата и надвор од неа, социјализација, мотив за поголема работа и презентација на истата. Потенцирање на инклузивното образование со вклучување на децата со посебни образовани потреби

| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
|---|---|
| **„Семпер“ – Битола/Работилница за превенција од семејно насилство** | Поголема информираност на учениците за проблемот со семејното насилство |
| **Лајонс клуб Кабадаја-“Обои ме во пријател“ – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби** | Целта која беше поставена од најмладите да создадеме луѓе кои се свесни за различните од нас и да умеат да подадат рака за да им променат барем еден ден во животот се постигна преку традиционалниот Марш на Широк Сокак каде учество зедоа ученици од нашето училиште |
| **МКЦ-Битола/Интерактивна, музичко-драмска претстава “Операта на шумските животни”.** | Цел на настанот беше:<br>- афирмација на оперската музичка култура во функција на запознавање и доближување на истата кај младата популација;<br>- презентација на музичкото творештво со стилска и жанровска разновидност на еден поинаков, иновативен и интерактивен пристап на презентација;<br>- едукација и анимација на нова музичка публика – децата; |
| **Работилница за превенција од сајбер насилство** | Едукативна работилница/ Поголема информираност на учениците и наставниците за проблемот со сајбер насилство |

Изготвил

Одд.наставник-Дипл.педагог Снежана Стојанова

## *Извештај за работата на дневниот престој*

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ 2018/2019

Во дневниот престој се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истиот, од прво до петто одд. На почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 84 ученици, а наредните месеци нивниот број варираше и до крајот на учебната година достигна до 139.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 4 одделенски наставници одговорни за дневниот престој, со работно време од 7 до 17 часот.

| Цели од годишната програма на тимот 2018/2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **-Развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата<br>- Развој на целокупната личност на ученикот, нејзините индивидуални и единствени потенцијали<br>-Подготовка на учениците за понатамошно образование и перманентно учење** | Задолжителни активности | Септември-јуни | - Изработка на домашна работа;<br>- Повторување на материјалот;<br>- Подготовка за писмени работи;<br>Работа со компјутери.<br>Задолжителните активности се реализираат со цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата. | Задолжителната активност работа со компјутери не се реализира во целост поради недостаток на интернет во текот на учебната година. |
| **-Воспитание на учениците според** | Слободни | Септември-јуни | Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **универзалните морални начела<br>-Социјализација –Да развива способност за организација на времето (корелација меѓу учењето и слободното време)<br>-Да развива навики за дружељубивост и соработка** | ученички активности | | сала и училишниот двор.<br><br>*- Мало училиште за големи*<br><br>*нешта*<br>*- Моливот пишува со срцето*<br>*- Шарам-создавам*<br>*-Пееме,танцуваме,глумиме*<br>*- Игри без граници*<br>*- Активности по избор на учениците.* | |
| **-Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес** | ЕКО активности – Заштеда на енергија | 28.09.2018г. | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за заштеда на електрична енергија во просториите на дневниот престој се одржа активност – изработка на упатства за заштеда на електрична енергија. Учениците доаѓаа до различни сознанија за електрична енергија од различни извори за учење. Се дискутираше околу потребата за тоа каде и колку се троши електричната енергија, се бараше начин за разумно користење на истата. Потоа изработуваа упатства за заштеда на електрична енергија, кои ги залепија на хамери. Следно следеше презентација. | |
| **-Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес<br>-Учениците да се стекнат со навики за рационално користење на водата** | ЕКО активности-заштеда на вода | 26.10.2018 | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за рационално користење на водата во просториите на дневниот престој се реализира активност за изработка на плакат( пароли) за заштеда на водата. Се започна со дискусија и размислување околу тоа за кои активности во текот на денот ни е потребна вода. Следуваше анкета по учениците за начинот за користење на водата. По обработените податоци се | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | осмислија и се запишаа еколошки пораки за заштеда на водата на хамер кој се постави во училницата на дневниот престој. | |
| **-Запознавање со верските објекти од двете етнички заедници, воочување на разликите и сличностите на истите** | МИО активности-Верски објекти, симболи, обележја и други карактеристики | 15.11.2018 - 19.11.2018 г. | Со цел запознавање на сличностите и разликите меѓу различните верски заедници во дневниот престој се реализираше активност во која учениците беа поделени во две групи. Едната група истражуваше за македонските, а другата група за албанските верски објекти, симболи , обележја... На крајот собраниот материјал (слики, пишани податоци), беше ставен на хамер и се презентираше. Активностите траеја три дена. | |
| **-Одбележување и празнување на Денот на училиштето** | Активности по повод Денот на училиштето | 04.12.2018г. | По повод Денот на училиштето во просториите на Дневниот престој се реализираше ликовна и литературна работилница. Учениците работеа во две групи. Едната група изработуваше честитки, цртежи и украси со ликот на Климент Охридски, а другата група пишуваше песни и текстови за неговото дело. | |
| **-Прославување и запознавање со Новогодишните празници**<br><br>**-Развивање на креативни и творечки вештини**<br>**-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата** | Активности по повод Новогодишните празници | 17.12.2018-21.12.2018 год. | Во Дневниот престој се одржа креативна работилница за украсување на вратите и просториите. Активностите на оваа работилница беа доста интересни,креативни,забавни и се одвиваа во пријатна предновогодишна атмосфера исполнета со многу игра,смеа и музика. Прозорците се обложија со најлонска фолија,се нацрта зимски, новогодишен пејзаж, се боеше со темперни и тонери во различни бои, па се украсуваа со памук,светки. Вратите се обложија со хамери во различни бои од кои се | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Развивање на навики за дружељубивост и соработка** | | | изработија фигури со новогодишни и зимски мотиви. | |
| **-Развивање на креативни и творечки вештини**<br>**-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата** | Активности за украсување на просториите од Дневниот престој | 30.01-31.01.2019 | Во просториите на Дневниот престој во делот за слободни активности се реализираше креативна работилница за изработка на зоолошка градина. Активностите на оваа работилница се реализираа во два дена дена. Учениците заедно со наставниците ја изработуваа самата зоолошка градина (кафезите за животните и дворот наоколу) употребувајќи разни картони, украсна хартија,самолеплива хартија, фолија, грав, ориз, стапчиња.... Потоа по добиени слики изработуваа животни од пластелин. Учениците работеа сложно, трудејќи се да ја оформат фигурата(животното) што подобро, за да може истата да се препознае кое животно е. | |
| **-Одбележување на Денот на мајката**<br>**-развива љубов кон неа** | Активности по повод Денот на мајката | 07.03.2019г. | По повод Денот на жената во просториите на Дневниот престој се реализираше активност со која се изработуваа украсни честитки за своите најмили. Учениците со помош на наставниците изработуваа честитки за својата мајка при што несебично ја изразуваа својата љубов со зборови, во истите.<br>Активностите на оваа работилница беа доста интересни, креативни, забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера. | |
| **-Развивање на креативни и творечки вештини**<br>**-Поттикнување и** | Активности по повод Велигденските празници | 25.04.2019 г. | По повод велигденските празници во просториите на Дневниот престој се реализираа активности за изработка на велигденски украси. Учениците со помош на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **развивање и формирање на позитивен став кон работата** | | | наставниците од Дневниот престој изработуваа пиленца од хартија во боја. Секој ученик работеше самостојно и добиваше помош од наставник доколку тоа му беше потребно. На крајот со гласање беа избрани најубавите пиленца и беа поставени во престојот како украси. | |

| **ПОЗИТИВНИ СТРАНИ** | **НЕГАТИВНИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1. Соработка со родителите,со наставниците,со ППС и Директорот на училиштето.<br><br>2. Организирана работа по групи.<br><br>3. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата.<br><br>4. Дружење меѓу двете смени(развивање на другарски односи,помош и соработка). | 1.Во престојот веќе подолго време компјутерите не работат, а сметаме дека Дневниот престој е место каде што тие и тоа како ни се потребни.<br><br>2.Исто така не работи и телевизорот, а и кога работеше ,истиот не даваше добра слика и избор на канали. |

**Одделенски наставници: Кети Јосифовска**
**Ана Здравкова**
**Владо Василевски**
**Вера Стевановска**

# ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

## Стручен актив на прво одделение

| Планирани активности | Реализирани активности |
|---|---|
| **АВГУСТ** | |
| ❖ **Концептирање на програмата за работа на активот** | 1. Програмата за работа на стручниот актив беше концептирана од страна на претседателот |
| ❖ **Потврдување на претседател на стручниот актив** | 2. Пред почеток на учебната година членовите на стручниот актив го потврдија изборот на претседател- Снежана Стојанова |
| ❖ **Разгледување на информацијата за почетокот на учебната 2018/2019 год.** | 3. Оваа учебна година првачињата работат во две смени и тоа: I-2 и I-4 претпладне,а I-1, I-3 и I-5 попладне,со тоа што одделенијата со непарен број ротираат во малата училница |
| ❖ **Реализирање на потребни организациони подготовки за почетокот на учебната година – прием на првачињата** | 4. За приемот на првачињата како и секоја учебна година така и оваа членовите на стручниот актив организираа кратка приредба |
| ❖ **Определување на прирачници кои ќе се користат во текот на учебната година, користење на стручна литература** | 5. И оваа учебна година во настават се користат прирачници и учебници исти како и минатата со та што се ревидирани учебниците по математика и природни науки |
| ❖ **Разгледување и давање мислење за Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2018/2019 год.** | 6. Наставниците ја разгледаа на годишната програма на училиштето и Развојниот план и одредените забелешки ги евидентираа во записник кој го доставија до ППС. |
| **СЕПТЕМВРИ** | |
| • **Донесување програма за работа за активот** | 1. Програмата за работа на стручниот актив од страна на претседателот беше претставена пред членовите на активот и истата беше прифатена |
| • **Согледувања за бројноста на учениците , нивната физичка , техничка и социолошка подготовка за почетокот на учебната година** | 2. Членовите на стручниот актив ја констатираа бројноста на учениците како и нивната физичка, техничка и социолошка подготовка за почетокот на учебната година врз основа на тестирањето направено од страна |

| | |
|---|---|
| • **Договор за заеднички пристап кон родителите и учениците при запознавање со набавката на ученички прибор , како и давање упатства**<br><br>• **Договор за набавка и користење на современи нагледни средства потребни за осовременување на наставата**<br><br>❖ **Информација за  конкурсот за најдобри едукациски проекти„ВИЗУЕЛНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ЛИКОВНИТЕ ИНТЕРДСИЦИПЛИНАРНИ ЕДУКАЦИСКИ ПРОЕКТИ ЗА ДЕЦА – МОДЕЛ ЗА КУЛТУРНА АДАПТАЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија.** | на педагогот,психологот и дефектологот при нивното запишување во месец мај.<br><br>3. Членовите на активот се договорија на родителите и учениците да им доставаат листа со распоред и потребен потрошен материјал за работа во текот на учебната година.<br><br>4. Членови на активот заседоа заеднички став дека такви средства се потребни за реализација на современа настава и затоа ќе поднесат барање до директорката околу набавка на истите.<br><br>5. Претседателот на стручниот актив ги информира членовите за критериумите за учество на конкурсот за  најдобри едукациски проекти„ВИЗУЕЛНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ЛИКОВНИТЕ ИНТЕРДСИЦИПЛИНАРНИ ЕДУКАЦИСКИ ПРОЕКТИ ЗА ДЕЦА – МОДЕЛ ЗА КУЛТУРНА АДАПТАЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија |
| **ОКТОМВРИ**<br><br>❖ **Организирање и реализирање на посети и набљуденија во корелација со наставната програма**<br><br>❖ **Презентација на тема„Проектна настава“-реализатор наставничката Снежана Стојанова** | 1. По повод„Месецот на книгата“стручниот актив на прво одделение реализира посета во НУБ„Св.Климент Охридски“<br><br>2. Темата беше презентирана од страна на наставничката,а потоа се дискутираше од страна на присутните. Се констатира дека ваквиот вид настава треба да се практикува затоа што учениците се во центарот на вниманието,соработуваат меѓу себе,комуницираат,дискутираат а со тоа го развиваат и критичкото мислење. Наставникот не е повеќе во фокусот,напротив тој е само насочувач на активностите во училницата. Знаењата се потрајни затоа што самите ученици доаѓаат до заклучоци преку сопствениот |

| | |
|---|---|
| ❖ **Разгледување на понуди за обуки од страна на провајдер 4К** | труд.<br><br>3.Претседателот на стручниот актив кој воедно е и координатор на тимот за професионален и кариерен развој на наставниците, на членовите на активот им ја претстави понудата која е доставена до училиштето. Понудата е од провајдерот за обуки 4К од Скопје. Во истата се понудени 10 обуки за професионален развој на наставниците. Цената на една обука е 600 денари и е на трошок на самиот наставник. Тимот за професионален и кариерен развој од понудените 10, избра 3 кои се најсоодветни и во согласност со Програмата. Членовите на стручниот актив од понудените три ја избраа обуката за „Менаџмент во училницата“ |
| **НОЕМВРИ**<br><br>❖ **Соработка со ППС и укажување помош на учениците кои потешко напредуваат во наставата;**<br><br>❖ **Договор за активности за Патрониот Празник** | 1. Се разгледува успехот и поведението на учениците, се даваат предлог мерки за подобрување<br><br>2. После состанокот на претседателите на стручни активи на ниво на училиште, претседателот ги информира наставничките дека оваа година во подготовките на активностите за Патрониот празник ќе помагаат студиото за модерни танци„Expose".Бидејќи првоодделенците се поделени во две смени,секоја смена треба да подготви точка во договор со претставниците од студиото за модерни танци |
| **ДЕКЕМВРИ**<br><br>❖ **Разгледување на понуда за новогодишна театарска претстава** | 1. Претседателот ги извести присутните наставници,членови на стручниот актив на прво одделение како и претседателите на советите на родители од секое одделение за понудата за претстојната новогодишна претстава. Истата ќе се реализира во училиштето и е интерактивна и едукативна. Цената на претставата со две слики со Дедо |

| | |
|---|---|
| | Мраз изнесува 150 ден. Присутните родители се согласија со понудата. |
| **ЈАНУАРИ**<br>❖ **Изготвување полугодишен извештај за работата на стручниот актив** | 1.Се направи анализа на работат на стручниот актив на прво одделение во првото полугодие и се изработи извештај од страна на претседателот на активот. |
| **МАРТ**<br>❖ **Организирање работилници со родители по повод осми март** | 1.Планираните активности се реализираа во целост, со што се одржаа работилници со родителите за изработка на осмомартовски честитки. |
| **АПРИЛ**<br>❖ **Маскенбал**<br><br>❖ **Велигденски работилници** | 1.Учениците од стручниот актив, по одделенија учествуваа на училишниот маскенбал.<br><br>2.Во соработка со родителите се направија Велигденски работилници за изработка на Велигденски украси. |
| **ЈУНИ**<br>❖ **Изработка на годишен извештај од работата на стручниот актив**<br><br>❖ **Избор на претседател на стручниот актив за следната учебна година**<br><br>❖ **Разгледување на допис од БРО за модули за обука на наставници** | 1.Се направи анализа на работат на стручниот актив на прво одделение и се изработи годишен извештај од страна на претседателот на активот.<br><br>2.За наредната учебна година за претседател ена стручниот актив е избрана наставничката Сузана Дишковска<br><br>3.Бирото за развој на образованието во рамките на проектот од ЕРАЗМУС+ програмата (под број – 2016-1-МК01-КА201-021703) „Оценување за учење: Поставување и употреба на критериуми за успех по математика и природни науки во основно образование“ во соработка со партнерските организации Универзитетот Кембриџ од Обединетото Кралство (University of Cambridge Local Examination Syndicate - UCLES) и Фондацијата Афлатун од Холандија (Strichting Aflatoun International - Aflatoun) изработи четири модули за обука на наставници. Модулите имаат за цел да ги поддржат наставниците во планирањето и реализирањето на формативното оценување по Математика и Природните науки. |

Во текот на учебната година членовите на стручниот актив на прво одделение присуствуваа на следните дисеминации организирани од страна на Тимот за професинален и кариерен развој на наставниците:

- Образовни апликации и нивни карактеристики
- Проектот Еразмус +„Учење за надминување на елементи на насилство“ или во оригинал "Learning to Overcaoming Violence Elements"- L.O.V.E.
- Користење на образовната платформа e Twinning,
- Изработка на индивидуален образовен план,
- Промоција на кодирањето за подготовка на децата и младите за дигиталниот свет на иднината-Meet and code
- Едукативна работилница на тема„Соработка со семејството“
- Едукативна работилница со наставници на тема Cyberbyllying реализирана од д-р Sала Бојковска- Здружение на граѓани Семпер Битола,
- Посета на НУУБ Климент Охридски- Битола- како дел од проектот Math for Minis
- Училишни дисеминации за споделување на искуства од работа на Еразмус проектите. Колегите кои присуствуваа на два различни Еразмус+ проекти, ги споделија своите искуства

**Изработил:**
**Претседател на стручниот актив**
**Дипл.педагог Снежана Стојанова**

## Стручен актив на второ одделение

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| **<u>август</u>**<br>1. Избор на претседател на стручен актив на второ одделение;<br><br>2. Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година;<br><br>3. Договор за посета на отворени часови со примена на современи форми на работа.<br>4. Вметнување на избрани точки на акција од програмите за: „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.<br>5. Изработка програма за професионален развој на ниво на стручен актив | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на второ одделение.<br>Состаноците се одржуваа во кабинетот на наставниците од второ одделение, пред или после часовите. |
| **<u>септември</u>**<br>1. Разговор околу подготвувањето на годишните, тематските и дневните планирања, usогласување на критериумите за оценување на учениците и разговор за инструментите за оценување<br><br>2. Вметнување на избрани точки на акција од програмите за „Меѓуетничка интеграција“<br><br>3. Унапредување на системот за информирање на родителите, изработка на инструмент за евидентирање на индивидуални средби со родител | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на второ одделение. |
| **<u>октомври</u>**<br>1. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за второто | Во планираните активности за месец октомври имаше измена. Евидентационите листи се подготвија од страна на наставниците од стручниот актив. Во овој месец е направена |

| | |
|---|---|
| тримесечје.<br>2. Посета на музеј/ЗОО/спомен куќа други институции<br>**3. Отворен час- Виолета Стевановска II-1 Обликување во просторот, моделирање и градење – Изработка на кутии за отпадот- Ликовно образование** | посета на Градската Универзитетска библиотека.<br>**Дополнителни активности:**<br>Наместо отворениот планиран час на наставничката Стевановска Виолета, се одржа отворен час на сите наставнички од активот. Тоа беше активност на тема Есенски плодови, во која имаш приредба и продажба на изработки од есенски плодови. |
| **<u>ноември</u>**<br>1. Активности на стручниот актив на второ одделение по повод Денот на училиштето<br>2. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од второто тримесечје | Стручниот актив на четврто одделение по повод **Денот на училиштето** се претстави со заедничка точка во соработка со танцовото студио Expose, кое ја направи селекцијата на учениците и помогна во изучувањето на чекорите.<br>Планираното разгледување на успехот и поведението на учениците беше на ниво на стручен актив и дискусијата околу начините на подобрување на дисциплината кај учениците.<br>**Дополнителни активности:**<br>- избор на понудени обуки од страна на провајдер 4К<br>- договор за пишување на статија за весник Светлини за претставување на стручниот актив<br>- настан по повод Светскиот ден за борба против Дијабетесот- наставничка Весна Димитровска. На истата учествуваат и наставничките и дел од учениците од II одделение. |
| **<u>декември</u>**<br>1. Активности за Денот на училиштето<br>2. Активности за Новогодишен претприемачки настан<br>3. Анализа на успехот и поведението на крајот на второто полугодие<br>4. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за второто полугодие.<br>5. Изработка на полугодишен извештај од работата на стручниот актив | Се што е планирано за овој месец е реализирано. Детални информации за секоја точка одделно има во записниците од состаноците кои се приложени во папката на стручниот актив на четврто одделение.<br>Стручниот актив на II одд. успешно се претстави на **новогодишниот панаѓур** кој се одржа на 26.12.2016г. во просториите на училиштето. Наставничките од II одделение во договор со родителите организираа работилници за изработка на новогодишни украси. Секоја паралелка се претстави со свои изработки.<br>Исто така наставничките од стручниот актив дискутираа за Успехот и поведението на учениците и за подготвување на евидентните листи.<br>**Дополнителни активности:**<br>- одржано предавањето односно работилницата со Здравје Радово, во која учениците имаа можност да разговараат со претставниците за подготовката и височите млечни производи кои ги произведува оваа млекара.<br>- одржан заеднички состанок со претставниците |

| | |
|---|---|
| | во советот на родители- претседателите од родителите во II одделение за избор на театарска претставата<br>Претседателот го подготви полугодишниот извештај |
| **Јануари**<br>1. Дискусија за оценките на учениците<br>2. Пишување на полугодишен извештај | Планираните активности за овој месец се реализираа во целост. Се споделија искуствата и се конципираа оценките на учениците<br>Во согласност со спроведените активности на стручниот актив се изготви полугодишниот извештај |
| **Февруари**<br>1. Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите<br>2. Дисеминација на посетени семинари, обуки<br>3. Подготвување на учениците за меѓународниот натпревар КЕНГУР | Планираните активности се реализираа во целост и учениците присуствуваа на работилници<br>- Едукативна работилница на тема„Соработка со семејството“. Реализатор- училишен психолог Кети Секуловска<br>- Едукативна работилница со наставници на тема Cyberbyllying реализирана од д-р Ѕала Бојковска- Здружение на граѓани Семпер Битола, дел од проектот „Заштита, подобрување, учество, едукација и информирање“ поддржан од ЕУ програма на Еразмус +<br>- Наставниците споделија задачи материјали на пријавените ученици на меѓународниот натпревар Кенгур<br>**Дополнителни активности:**<br>- Посета на НУУБ Климент Охридски- Битола- како дел од проектот Math for Minis. Присуствуваа сите наставнички со учениците реализирајќи едукативно активности.<br>- Споделување на резултатите од читањето на учениците (тестирање од страна на педагогот). Педагогот ги сподели неговите резултати и насочи како да се работи со учениците кои имаат потешкотии во читањето |
| **Март**<br>1. Организирање работилници со родители по повод осми март<br>2. Договор за подготвување на евидентни листови според целите на програмата предвидени за третото тримесечје.<br>3. Дискусија за инструментите за оценување | Планираните активности се реализираа во целост, со што се одржаа работилници со родителите за изработка на осмомартовски честитки.<br>Наставничките се договорија во врска со оценките на учениците на тримесечјето и дискутираа за инструментите за оценување, споделувајќи искуства.<br>**Дополнителни активности:**<br>- Посета на Националниот Парк Пелистер- Ски центар Ниже Поле, каде што се изведе интегриран ден со учениците. На истиот беа присутни сите ученици<br>- Посета на Краварска фарма и биогасна фабрика за производство на електрична енергија. |

| | |
|---|---|
| | Учениците од сите одделенија имаа можност да ја посетат краварската фарма и да видат како од изметот на кравите се произведува електрична енергија и дека тоа е алтернативен извор на електрична енергија. |
| **Април**<br>1. Маскенбал<br>2. Велигденски работилници | И овој месец планираните активности се реализираа во целост<br>Учениците од стручниот актив, по одделенија учествуваа на училишниот маскенбал.<br>Во соработка со родителите се направија Велигденски работилници за изработка на Велигденски украси.<br>**Дополнителни активности:**<br>Наставниците учествуваа на училишна работилница за споделување на искуства од работа на Еразмус проектите. Колегите кои присуствуваа на два различни Еразмус+ проекти, ги споделија своите искуства. |
| **Мај**<br>1. Договор за изготвување на свидетелства<br>2. Организација на часови во природа | Наставничките се договорија за изготвување на свидетелства и споделија искуства<br>Исто така, во месец мај се организира посета на АК Крани, како дел од реализација на часови во природа.<br>**Дополнителни активности:**<br>- Како дел од посетите на институциите овој месец се посети млекарата Здравје Радово, каде што учениците имаа можност да го видат процесот на производство на млечни производи.<br>- Учениците заедно со наставниците од овој стручен актив учествуваа на свечената приредба по повод доаѓањето на амбасадорката од Јапонија. За таа цел беше подготвен сплет од две народни песни кои учениците го изведоа пред присутните на настанот.<br>- Наставничките имаа стручен актив и ги истакнаа идеите и предлозите за начинот на одбележување на јубилејната 30 годишнина од постоењето и работата на училиштето.<br>- Реализација на театарска претстава Пинокио од страна на учениците и наставничката од II-3 одделение и присуство на сите одделенија, како дел од проектот Erazmus+ "Learning to Overcome Violence Elements-L.O.V.E |
| **Јуни**<br>1. Евалвација на работата на стручниот актив на второ одделение<br>2. Изработка на годишен извештај од работата на стручниот актив<br>3. Избор на претседател на стручниот актив за следната учебна | Наставниците извршија евалвација на работата на стручниот актив и ги ревидираа сите записници од истиот за работата и подобрување на работата следната година.<br>Се напиша и годишниот извештај за работата на стручниот актив и се избра претседател. И оваа година претседател е Стевановска Виолета. |

| | |
|---|---|
| година | **Дополнителни активности**<br>- Споделување на резултатите од читањето на учениците (тестирање од страна на педагогот). Педагогот ги сподели неговите резултати и насочи како да се работи со учениците кои имаат потешкотии во читањето.<br>- Посета на зоолошката градина од страна на учениците и наставниците и одржување на едукативни активности во истата. Учениците разговараа за живеалишта и начини на живот во различните видови живеалишта.<br>- Разгледување на допис од БРО за модули за обука на наставници Бирото за развој на образованието во рамките на проектот од ЕРАЗМУС+ програмата (под број – 2016-1-MK01-KA201-021703) „Оценување за учење: Поставување и употреба на критериуми за успех по математика и природни науки во основно образование“ во соработка со партнерските организации Универзитетот Кембриџ од Обединетото Кралство (University of Cambridge Local Examination Syndicate - UCLES) и Фондацијата Афлатун од Холандија (Strichting Aflatoun International - Aflatoun) изработи четири модули за обука на наставници. Модулите имаат за цел да ги поддржат наставниците во планирањето и реализирањето на формативното оценување по Математика и Природните науки. |

Изработи
претседател на стручен актив на II одделение:
Виолета Стевановска

## Стручен актив на трето одделение

| Цели од годишната програма на тимот 2018/2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Формирање на стручен актив** | **Да** | **24.08.2018г** | Избор на претседател на активот | / |
| **Донесување на програма на стручниот актив** | **Да** | **24.08.2018г** | -Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година<br>-Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2018/2019 година | / |
| **Изнесување мислење за Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето и имплементација на планираните активности во програмата на стручниот актив** | **Да** | **24.08.2018г** | Наставниците ја разгледаа Годишната програма на училиштето, како и Развојниот план и заклучија дека немаат забелешки | / |
| **Договор за координација на годишните, тематските и дневните планирања** | **Да** | **24.08.2018г** | Се направи договор за редоследот на темите за обработка и на тој начин се подредија и дневните планирања.<br>Бидејќи сме во секојдневна комуникација координацијата на овие планирања ни е олеснета. Секој наставник си избра точка на акција од програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” .<br>“Меѓуетничка интеграција “ се вметна во останатите. | / |
| **Подготвување на личен план за** | **Да** | **24.08.2018г** | Наставниците ги разгледаа прирачниците, | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **професионален развој и подготвување на програма за професионален развој на стручниот на трето одделение** | | | разговараа околу можностите на секој индивидуално, слабите страни во однос на одредено подрачје и секој наставник си направи личен план за професионален развој според неговите потреби. Врз основа на личните планови претседателот на активот изготви програма за професионален развој на наставниците од стручниот актив и истата ја достави до службата. | |
| **Информирање на наставниците во врска со конкурс „Визуелните претстави во ликовните интердисциплинарни едукациски проекти " на Министерството за култура.** | **Да** | **24.9.2018** | Информации за награден конкурс за наставниците и тоа поврзан исклучиво со предметот ликовно образование. Беа споделени правилата за право на учество како и правилата на рангирање, висината на паричните награди за наставниците, роковите за достава на материјалите и локацијата каде треба да се испратат. Во објаснувањето беше опфатено се затоа наставниците немаа дополнителни прашања и забелешки. | **/** |
| **Консултации за ученици кои имаат проблеми со учењето и однесувањето** | **Да** | **28.09.2018** | Одделенските наставници дискутираа за стратегии и начини за подобрување на однесувањето и учењето на одделни ученици по паралелки. | **/** |
| **Усогласување на критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за** | **Да** | **28.09.2018** | Стручниот актив изработи критериуми и чек листи за оценување на учениците по | **/** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **оценување на учениците (инструменти)** | | | предмети. Одделно беа изработени истите инструменти по предметите математика и природни науки како дел од програмата Кембриџ. | |
| **Споделување на информации за подготовките на училишниот весник „Светлини“** | **Да** | **19.10.2018** | Училишниот весник ќе го изработуваат учениците со свои оригинални текстови, творби (литературни или ликовни), а наставниците во посредство само ќе помагаат и ќе исправаат грешки во текстовите понудени од страна на учениците;<br><br>Сите ученици вклучувајќи ги и учениците од трето имаат право на учество во литературниот и ликовниот конкурс по повод патронатот на училиштето. | **/** |
| **Споделување на информации за подготовки на приредба по повод Денот на училиштето – св. Климент Охридски** | **Да** | **19.10.2018** | Во точките на приредбата ќе учествуваат само учениците од одделенска;<br><br>Ќе има една точка на ниво на стручен (треба да се одберат по неколку ученици од сите паралелки);<br><br>Точките ќе бидат исклучиво музички, а кореографиите за истите ќе ги потпомагаат инструктори од танцувачкото студио „Expose“;<br><br>Од секој стручен треба да се избере по еден одговорен наставник кој понатаму заедно со учениците ќе ја вежба точката. | **/** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во овој случај тоа ќе биде претседателот на стручниот актив Велика Дуковска. | |
| **Учество на активот во обележување на Денот на училиштето** | **Да** | **30.10.2018г** | Стручниот актив на трето и оваа година ќе се претстави со заедничка музичко – ритмичка точка и притоа ќе се изберат по 5 ученици од паралелка. При подготовките на точката во делот на кореографијата ќе помага танцовото студио „Expose“ | **/** |
| **Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување и изработка на тематско планирање** | **Да** | **30.10.2018г** | Стручниот актив на второ одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните содржини. Врз основа на тоа беше изготвено и второто тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба. Исто така изготвивме и описни оценки во три нивоа за сите ученици според дадените цели и критериуми. | **/** |
| **Реализација на отворен час - Час на одделенската заедница „Работилница за превенција и справување со меѓуврсничко насилство“, паралелки III$^1$ – Елена Угарчева и III$^2$ – Велика Дуковска** | **Да** | **30.10.2018г** | На ден 22.10.2018г. паралелките III$^1$ И III$^2$ заедно со нивните одделенски наставници Елена Угарчева и Велика Дуковска одржаа отворен час на одделенската заедница како „Работилница за превенција и справување со меѓуврсничко насилство“. | **/** |
| **Реализација на отворен час – Работ а со компјутери и основи на програмирањето „Кодирање“, паралелка III$^3$,** | **Да** | **30.10.2018г** | Одделенскиот наставник на паралелката III$^3$ – Валентина Вељановска, одлучи да одржи отворен час по предметот Работа со компјутер и | **/** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **одделенски наставник – Валентина Вељановска** | | | основи на програмирањето, наставна содржина – Кодирање. Часот беше одржан во соработка со родител од паралелката – програмер. Напомена: отворениот час кој беше планиран во декември,2018 од стана на одделенскиот наставник на III$^3$ е заменет со овој час кој се одржа на 28.9.2018г. | |
| **Реализација на отворен час – Слободни ученички активности „Изработка на обележувач за книги“, паралела III$^5$, одделенски наставник – Билјана Печипајковска** | | | Одделенскиот наставник на паралелката III$^5$ – Билјана Печипајковска, одлучи да одржи отворен час во склоп на слободните ученички активности, наставна активност – Изработка на обележувач за книги. Часот беше одржан во соработка со училишниот библиотекар. Напомена: отворениот час кој беше планиран во април,2019 од стана на одделенскиот наставник на III$^5$ е заменет со овој час кој се одржа на 29.10.2018г. | / |
| **Усовршување на избраната активност за Денот на училиштето** | Да | 29.11.2018 | Вежбањето на точката се врши редовно, а исто така редовно се учествува на заедничките проби каде што точката на III одделение наидува на позитивни коментари од комисијата за организација на приредбата по повод Денот на училиштето. | / |
| **Учество во програмата по повод Денот на училиштето** | Да | 28.12.2018 | Се споделија впечатоци меѓу наставниците и се дојде до заклучок дека музичката точка беше одлично изведена од страна на учениците. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Дискусија околу оценувањето на учениците**<br><br>**Изготвување на тематско планирање**<br><br>**Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување** | Да | 28.12.2018 | Анализата на успехот , покажа дека тој задоволува но секако би можел да биде и подобар.<br><br>Стручниот актив на трето одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните содржини. Врз основа на тоа беше изготвено и третото тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба.<br><br>Се изготвија описни оценки за три нивоа, според критериумите и целите кои си ги поставивме. | / |
| **Предновогодишни активности** | Да | 28.12.2018 | После направена анализа на претходните пазари , се договоривме секоја паралелка заедно со своите ученици и родители да си направи производи кои ќе се продаваат според свои замисли и идеи. Секоја паралелка да изработи украси ,честитки , храна...Некои од изработките да се направат на часовите по ликовно, некои на работилници со родителите , а нешто и дома. Од спроведената активност Новогодишен базар стручниот актив на трето одделение собра средства во износ од 8540 денари од кои половината останувaат за учениците од паралелките, а другата половина остануваат во | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Советот на родители. | |
| **Презентирање на понуда за викенд во летувалиштето Крани – Преспанско Езеро** | Да | 15.2.2019 | Понудата беше презентирана пред претставниците од Советот на родители. Родителите истата ја разгледаа и се согласија дека информациите во врска со понудата ќе ги спроведат до останатите родители по паралелки | / |
| **Подготовка на ученици за претстојниот математички натпревар „Кенгур“** | да | 22.2.2019 | Членовите на стручниот актив беше договорено подготовките за натпреварот да се одвиваат на часовите на додатна настава . Исто така се договоривме за пријавените ученици да се обезбедат задачи од  минатите натпревари. | / |
| **Изготвување на тематско планирање** | Да | 22.2.2019 | Стручниот актив на трето одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните содржини. Врз основа на тоа беше изготвено и четвртото тематско планирање. Ваквото разменување на идеи се одвива по потреба. | |
| **Планирање и реализација на активности по повод Денот на шегата** | Да | 15.3.2019 | Секој наставник од стручниот актив на трето одделение ќе се претстави ревијално со своите ученици маскирани во костуми секој според сопствените желби. Одделенскиот наставник на III$^2$ одделение ќе реализира работилница со ученици и родители. Работилницата ќе биде за изготвување на тематска маска на паралелката „Пролет“. Секој ученик ќе биде маскиран во некој пролетен весник (штрк, ластовица, кокиче, качунка, мече, развигорци, цреша, јаготка итн.). | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | родителите ќе учествуваат во изработката на маските секој за сопственото дете. | |
| **Пролетна приредба на паралелката III - 2** | Да | 20.3.2019 | Паралелката III-2 реализира пролетна приредба во училишната трпезарија. Учениците зедоа учество со рецитали, ритмички точки и вокални интерпретации. Секој ученик беше маскиран во некој пролетен симбол. На приредбата беа присутни родителите на учениците, дел од одделенските наставници на трето одделение и училишниот психолог. | / |
| **Реализација на еднодневна екскурзија „Вевчани-Струга - Охрид“.** | Да | 17.4.2019 | Како дел од наставната програма по предметите: природни науки, општество, македонски јазик и физичко и здравствено образование со учениците од III одделение беше реализирана еднодневна екскурзија со релација Битола – Вевчани – Струга – Охрид – Битола.<br>Цели:<br>- запознавање со биодиверзитетот на нашата татковина;<br>- запознавање со природните убавини на нашата татковина;<br>- запознавање со традицијата и културните знаменитости на нашата татковина;<br>- престој на отворено и чист воздух;<br>- меѓусебно дружење и развивање на љубов кон | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | својата татковина.<br>Екскурзијата се реализира со сите 5 паралелки од III одделение под раководство  на 5 одделенски наставници на Стручниот актив на III одделение, вкупно 83 ученици од кои имаше 3 гратиси според однапред утврдени критериуми, 2 ученика со посебни потреби, 1 образовен асистент и 1 родител на ученик со посебни потреби.<br>Екскурзијата беше реализирана под водство на агенцијата MIG Travel. При патувањето имаше ангажирано лекар и водич. Секој присутен на екскурзијата имаше оброк (ручек) во хотел Амбасадор.<br>Места кои беа посетени: Вевчански Извори, Природно – научен музеј во Струга, Самоилова тврдина, Плаошник, црква Св. Софија во Охрид. Пропратно учениците имаа можност да уживаат во убавата природа, реката Црн Дрим и Охридското Езеро и да видат многу занаетчиски дуќани во старата чаршија во Охрид.<br>Екскурзијата помина во најдобар ред. Целите беа остварени, а учениците беа многу задоволни. | |
| **Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување и изготвување на тематско планирање** | Да | 26.4.2019 | Стручниот актив на трето одделение сподели искуства за начинот на работа односно кои форми , методи и примена на ИКТ се застапени и ќе се користат во иднина при реализацијата на наставните содржини. Врз основа на тоа беше изготвено и петтото тематско планирање. Ваквото разменување на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | идеи се одвива по потреба. Исто така изготвивме и описни оценки во три нивоа за сите ученици според дадените цели и критериуми. | |
| **Велигденски работилници** | Не | / | Бидејќи Велигденски пазар не се реализира во училиштето не беа реализирани и Велигденски работилници но се реализираа работилници на часовите по ликовно образование. | / |
| **Договор за изготвување на свидетелства и Дискусија околу инструментите за оценување на учениците** | Да | 24.5.2019 | Стручниот актив на трето одделение изготви описни оценки во нивоа според потребите на секоја паралелка поединечно за сите ученици според дадените цели и критериуми. Исто така беше изготвено текстуално прилагодување на описните оценки кое ќе биде вметнато во свидетелствата. Свидетелствата ќе бидат по печатена форма, а за таа цел секој одделенски наставник од стручниот актив на трето одделение обезбеди согласности од родителите за печатење на свидетелства за сума од 40 денари по свидетелство. | / |
| **Реализација на отворен час - Природни науки „Здрав оброк“, паралелка III[4] – Ана Спирова Кочанковски.** | Не | / | Поради породилно отсуство на наставничката Ана Спирова Кочанковски отворениот час не се реализира. | / |
| **Посета на автобуска станица Посета на железничка станица** | Не | / | Поради други ангажирања на учениците не се реализираа посетите на автобуската и железничката станица. | / |
| **Евалвација на работата на стручниот актив Изработување на годишен** | Да | 21.6.2019 | Стручниот актив на трето одделение изработи годишен извештај за работата на стручниот актив во кој се вклучени | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **извештај за работа на стручниот актив** | | | сите реализирани и нереализирани активности. | |
| **Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година** | Да | 21.6.2019 | За нов претседател за наредната учебна година 2019/2020 беше избрана одделенскиот наставник Валентина Вељановска. | / |
| **Предлози за измена и дополнување на програмата на стручниот актив за следната учебна година** | Не | / | Измени и дополнувања на програмата на Стручниот актив ќе се изврши во август, 2019 година. | / |
| 1. **Избор на учебници** | Да | 21.6.2019 | Избрани учебници за IV (четврто одделение):<br>- Музичко образование – С. Димова, В. Ангеловска, М. В. Стефановска;<br>- Ликовно образование – Данчо Ордев;<br>- Физичко и здравствено образование – Лидија Б. Карапанџевска;<br>- Општество – Биљана Живковиќ;<br>- Македонски јазик – Љубица Севдинска, Весна Настоска;<br>- Природни науки – Т. Хадсон, А. Хеиг, Д. Робертс, Џ. Шо;<br>- Математика – Карен Морисон<br>- Техничко образование – Вера Вељановска. | / |

Изработил: претседател на стручниот актив на трето одд. Велик Дуковска

## Стручен актив на четврто одделение

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1.Избор на претседател на стручниот актив<br>2.Донесување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за работа<br>3. Разгледување на предлог на Годишната програма за работа на училиштето и развојниот план на училиштето за учебната 2018/19год.<br>4.Консултација околу подготвувањето на годишните, тематските, дневните планирања и останата педагошка евиденција. Предлог иновации за подобрување на наставата<br>5.Договор за посета на отворени стручни активности во рамките на стручниот актив.<br>6.Тековни прашања** | Реализирано | 20.08.2018г | Во однос на првата точка , членовите на стручниот актив за потврдија одлуката за избор на претседател на стручен актив на четврто одд. да биде наставничката Трајковска Ирена.<br>Во однос на втората точка , членовите на стручниот актив дискутираа за програмата на стручниот актив, што се таа треба да опфати во својата содржина. Се евидентираа постоечките наставни средства и помагала , се направи договор за некои средства и помагала кои тековно ќе се изработуваат од страна на наставниците и учениците.<br>Во однос на третата точка сите наставници ги разгледаа Годишната и Развојната програма на училиштето и немаа посебни забелешки.<br>За четвртата точка активот ја разгледа наставната програма за четврто одделение, учебниците и работните материјали и врз основ на тоа изработија: Годишна програма по сите предмети; Програма за дополнителна и додатна настава; Програма за талентирани ученици; Програма за деца со потешкотии при совладувањето на материјалот; Тематски распределенија со цели, методи форми ,техники на работа , наставни содржини и | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | очекувани резултати. Исто така во содржините се интегрира еколошки содржини и проектот – Меѓуетничка интеграција. Се усогласија критериумите за оценување на учениците и инструментите за оценување.<br>Од иновациите кои ќе ги применуваме во целост, оваа учебна година се стратегиите и техниките по македонски јазик, од проектот јазична писменост.<br>За петтата точка секоја колешка даде свој предлог од активности кои ќе ги реализира како отворени стручни часови,презентации,еко активности дискусии и дебата, се со цел да се подобри наставниот процес. Кои активности ќе бидат опфатени во целост се дадени во Годишната програма за работа на нашиот стручен актив.<br>Во тековни прашања беше заклучено, врз основа на излагањето на родителите од анкетните листови, дека изборниот предмет творештво, нема да се реализира во учебната 2018/2019г, затоа што од податоците на извршената анкета скоро сите родители се изјаснија дека не се сложуваат нивните деца да ја реализираат оваа наставна програма. | |
| **1. Разговор за начинот на комуникација со родителите на постоечките затворени социјални мрежи и изработка на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родителите** | Реализирано | 20.09.2018 | Во однос на првата точка членовите на стручниот актив на четврто одделение заклучи дека постоечките затворени групи на социјалните мрежи се ефикасни во однос на размена на информации, родител – наставник. Исто така платформата во иднина ќе се користи за споделување на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Вметнување на избрани точки на акција од програмата: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем<br>3.Разгледување и усогласување на критериумите за оценување на учениците<br>4. Изработка на програма за ученици со потешкотии во совладувањето на програмата- Изработка на ИОП<br>5.Тековни прашања.** | | | образовни линкови ,програми за работа и други информации во корист на учениците. Втората точка не се разгледуваше затоа што наставните програми ги изработивме со вметнати часови за реализација со ЕКО содржини.<br>За третата точка се договоривме сите критериумите да ги изработиме според стандардите за оценување на учениците и истите да ги употребуваме како чек листи за оценување .<br>Врз основа на наставниот план и програма за четврто одделение се изработија ИОП - програмите . Нив си ги изработија наставничките кои имаат категоризирани ученици во своите паралелки, според индивидуалните карактеристики на учениците со посебни потреби. | |
| **Информација за конкурсот за најдобри едукациски проекти„ВИЗУЕЛНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ЛИКОВНИТЕ ИНТЕРДСИЦИПЛИНАРНИ ЕДУКАЦИСКИ ПРОЕКТИ ЗА ДЕЦА – МОДЕЛ ЗА КУЛТУРНА АДАПТАЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија.** | Реализирано | 25.09.2018г | На почетокот на состанокот од страна на членовите на активот беше усвоен записникот од претходниот состанок. Претседателот на стручниот актив ги информира членовите за критериумите за учество на конкурсот за најдобри едукациски проекти„ВИЗУЕЛНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ЛИКОВНИТЕ ИНТЕРДСИЦИПЛИНАРНИ ЕДУКАЦИСКИ ПРОЕКТИ ЗА ДЕЦА – МОДЕЛ ЗА КУЛТУРНА АДАПТАЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија. | / |
| **1. Разговор и размена на искуства и мислења при** | Реализирано | 29.10.2018г | На овој состанок, членовите на стручниот актив на IV одделение разменија искуства и | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **реализацијата на наставни содржини, форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување.**<br>**2. Посета на градската библиотека Св. Климент Охридски по повод месецот на книгата**<br>**3.Посета на обуки и работилници** | | | мислења за реализацијата на наставните содржини –кои форми, методи техники ќе се користат, каде ќе се употреби ИКТ и како ќе се изведе оценувањето. Во однос на оценувањето, се изработија инструменти за оценување кои сите наставнички ги ставија во своите портфолија.<br>Поради други вонаставни активности учениците не ја посетија градската библиотека, но по повод Месецот на книгата учествуваа во активности кои се реализираа во училиште со училишната библиотека.<br><br>Во текот на овој месец беа реализирани обуки на која присуствуваа сите членови на нашиот стручен актив.<br>И тоа - на ден 9.10.2018г Здружението за унапредување на образованието КОНЕДУ ГЛОБАЛ Скопје во нашето училиште одржа активности со учениците и наставниците од одделенска настава по повод неделата на кодирање во ЕУ. Активностите беа со цел промоција на кодирањето за подготовка на децата и младите за дигиталниот свет на иднината.<br>На ден 17.10.2018г интерна работилница за изработка на индивидуален образовен план, реализирана од училишниот дефектолог Андријана Шокларовска. | |
| **1.Договор за подготвување на евидентните листови за првото тромесечје**<br>**2.Активности на стручниот актив по повод денот на училиштето**<br>**3.Изработка на извештаи за СУА,** | Реализирано | 05.11.2018г. | Договорен е начинот за подготовка на евидентните листови, според целите на програмата предвидени за првото тромесечие, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **дополнителна и додатна настава**<br>**4.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечје**<br>**5.Консултации за ученици кои имаат проблем со учењето и однесувањето**<br>**6.Презентација: Особини на современиот наставник**<br>**7. Тековни прашања-разговор за посетени обуки** | | | По повод денот на училиштето,активот одлучи да учествува со балетска точка и кореографија на тема од филмот Брилијантин.<br>Се разговараше за реализираноста на додатната и дополнителната настава, како и СУА, при што заклучивме дека извештаите треба да се предадат до крајот на овој месец.<br>Се разгледа успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечје, се дискутираше за проблематичните ученици, се размена мислење и искуство меѓу членовите на активот на таа тема.<br>Договорено беше да се закажи состанок на 28.11.2018г., на кој ќе се реализира презентација на тема:Особини на современиот наставник-реализатор наставник Пандора Алексова Запаренко.<br>Во текот на овој месец беше реализирана обука на која присуствуваа сите членови на нашиот стручен актив - на ден 11.11.2018г-работилница за професионален развој на наставниците за користење на образовната платформа е Twinning, реализирана од страна на е Twinning амбасадорот Каролина Неделковска. | |
| **1.Презентација: Особини на современиот наставник-реализатор наставник Пандора Алексова Запаренко.** | Реализирано | 28.11.2018г | Низ усна презентација колешката ја истакна улогата на наставникот во образовниот систем потенцирајќи кои барања се поставуваат пред наставникот денес, какви компетенции треба да има и каква личност треба да биде,односно кои очекувањата се поставуваат пред наставникот денес, за да може истиот да го определиме како | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | успешен.<br>Поаѓајќи од фактот дека наставникот е личност која, особено во училишна возраст, има силно влијание врз развојот на младите и нивното однесување, бидејќи тој им служи на децата како објект за идентификација, како пример во однесувањето и како совест за тоа што е морално и што е неморално. Извршувајќи ја својата воспитно- образовна работа тој го покажува своето знаење, вредности, морални ставови, поглед на свет и меѓучовечки односи.<br>Во прилог беа разгледани и резултатите од направена анкета врз ученици од повисоките одделенија и истите беа предмет на професионална дискусија.<br>На состанокот се заклучи дека би било добро да се направи и анкета со нашите ученици ,но заради возраста тоа да биде на крајот од учебната година. | |
| **1.Активности по повод денот на училиштето**<br>**2.Предновогодишни активности**<br>**3.Анализа на успехот и поведението на учениците и подготовка на евидентни листови за крајот на првото полугодие**<br>**4.Изработка на полугодишен извештај за работата на стручниот актив и предлог теми за обука** | Реализирано | 28.12.2018г. | По повод денот на училиштето,активот одлучи да учествува со балетска точка и кореографија на тема од филмот Брилијантин . Учениците беа од сите 5 паралелки, а одговорен наставник им беше наставник Трајковска Ирена.Со оваа музичка точка учениците зедоа учество во училишната приредба.<br>Од предновогодишни активности беа преземени изработка на новогодишни украси и украсување на училниците ,како и училишни работилници за изработка на продажни новогодишни украси за продажба на Новогодишниот училиштен панаѓур. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Анализиран беше на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие – на кои ученици треба да им се посвети повеќе внимание во однос на работата како и во однос на дисциплината. Се постигна договор за подготовка на оцените, според целите во програмата предвидени за првото полугодие, се размена мислење во однос на истите. | |
| **1. Изработка на полугодишни извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава**<br>**2. Изработка на полугодишен извештај за работата на стручниот актив**<br>**3.Консултации за ученици кои имаат проблем со учењето и однесувањето**<br>**4. Посета на семинари и обуки** | Реализирано | 20.01.2019г | Тековно беа изработени и предадени во ППС, сите извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава од секој наставник за своето одделение ,<br>Претседателот на стручниот актив го прочита полугодишниот извештај за работата на активот и истиот , откако беше усвоен, го предаде во ППС.<br>Под точка бр. 3 беше заклучено дека мал е бројот на ученици кои имаат проблем со учењето и однесувањето, и истите тековно низ наставата се решаваат.<br>Во овој период не беа понудени и посетени семинари и обуки | . |
| **Подготвување на учениците за општинскиот натпревар по математика кој ќе се одржи на 24.02.2019 год.во О .У ,,Св.Климент Охридски“ -Битола и меѓународниот натпревар КЕНГУР** | реализирано | 15.02.2019 г. | Дискусија околу одржувањето и учеството на учениците во натпреварите и нивната подготовка (наставничките на часот по додатна настава ќе ги подготвуваат учениците кои се пријавија да учествуваат на овие натпревари). | |
| **1.Отворен час ; Наставна единица: „Театар“- наставник Жанета Лутовска** | реализирано | 21.02.2019 г. | На дадената тема во реализација со учениците од IV-3 , колешката Жанета Лутовска ја реализира НЕ: „Театар“,каде | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | низ драматизација , работа во групи и индивидуална работа ги реализира целите запознавање со театарот како културна институција и комплексна уметност и практично применување на изработка на плакати и информативни книги.<br>На часот присуствуваа ППС, директорката Гордана Анастасова и колешките од советот на IV одделение.<br>Стручната дискусија беше во насока на искуствено споделување на форми ,методи и цели. | |
| **1.Организирање работилници со родителите по повод Осми март**<br><br>**2. Соодветни активности по повод Денот на екологијата** | реализирано | 16.03.2019г. | На состанокот беше договорено на часовите по ликовно да се реализираат работилници по повод Денот на жената – 8 Март на кој ќе се изработуваат честитки со помош на татковци кои ќеројават интерес и ќе бидат слободни за да учествуваат на работилницата. Секоја наставничка ќе ја реализира работилницата во својата училница на редовен час во тековната седмица пред празникот.<br><br>По повод Денот на екологијата договорено беше да се организираа две активности – чистење на училишниот двор и чистење на училницата. | |
| **1. Учество на организиран настан по повод 1 Април – денот на шегата**<br>**2. Посета на реализирана активност од IV-1 Одд. наставник : Надица Ордевска Трпковска Н.Е : - Подобрување, разубавување и одржување на** | реализирано | 8.04.2019г. | По повод 1Април - Денот на шегата, на 29.03.2018) во нашето училиште се одржа ревијален маскенбал во кој учениците од четврто одделение учествуваа . Стручниот актив на четврто одделение на овој хепенинг учествуваше со повеќе точки .<br>На состанокот беше отворена дискусија и | <u>Забелешка:</u> Посета на верски објект е реализирана на 10.05.2019г во с. Подмочани-посетена е црквата„св. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **околината ( училница и училишен ходник).**<br>**3.Организирање на работилници и соодветни активности по повод велигденските празници**<br>**4. Подготвување на евидентните листови за третото тромесечје**<br>**5. Посета на верски објекти ( црква, џамија , катедрала** | | | за посетата на изложбата во училишниот хол од страна на учениците и наставниците од IV одд. .Изложбата беше направена после реализирана активност од учениците од IV- 1 на тема: Подобрување, разубавување и одржување на околината ( училница и училишен ходник).Дискусијата се водеше во насока од потребата за изложување на ученички творби работени на час и споделување на своите трудови со другите соученици.<br>Договорено беше по повод велигденските празници учениците да бојат гипсени фигури на час по ликовно образование и да творат на тема „ Обичаи на Велики четврток“ – по македонски јазик.<br>Се постигна договор за подготовка на евидентните листови, според целите на програмата предвидени за третото тримесечје, се размена мислење во однос на исказите кои ќе се пишуваат во нив, како и за нивоата.<br>Тековно ќе биде договорена посета на верски објект. | Петар и Павле“ |
| **Отворена активност со ЕКО содржина - IV- 4 одд.:**<br>**<u>ТЕМА:Отпад-„Влијанието на отпадот врз здравјето и средината и реупотреба“-Одд. наставник : Трајковска Ирена</u>**<br>**НЕ: Драматизација на драмскиот текст „Пластеса, Хартеса и Платнеса“- реализатор наставник Трајковска Ирена со дел од учениците од IV-4 одделение.** | реализирано | 10.05.2019г. | По претходно обработен драмскиот текст „Пластеса, Хартеса и Платнеса“ учениците извршија акција на чистење и собирање на смет околу камповите во Автокамп „Крани“, истиот го селектираа и реобработија па направија костими за драматизација. Потоа драмскиот текст го изведоа во вид на драматизација пред другарчињата од другите одделенија.<br>На состанокот, стручната дискусија се водеше во насока на потребата од реализација на практични часови надвор од | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | училница. Заклучено беше дека ваквите активности се интересни, корисни и трајни кај учениците. | |
| **Договор за одбележување на 30 годишнината од постоењето на училиштето**<br>**Договор за изготвување свидетелства** | реализирано | 26.05.2019г. | Бидејќи оваа година нашето училиште слави јубилеј 30години од своето постоење за достојно одбележување на јубилејот нашиот стручен актив одржа состанок и да предложи изработка на монографија .<br>Се постигна договор за подготовка на свидетелства, според целите на програмата предвидени за IV одделение, се размена мислење во однос примената на правилникот за оценување и дискусија околу постигнатите резултати на учениците. | |
| **1.Стручна презентација – примена на ИКТ во наставата- наставник Наумовска Вера** | реализирано | 30.05.2019г. | На состанокот колешката потсети на придобивките од употреба на ИКТ технологија. Во прилог проследивме нејзин одржан и снимен час на почетокот на воведувањето на ИКТ техниката во настава ,а дискусијата беше во насока на олеснувањето на реализираноста на наставата со ИКТ техника но и нејзината застареност и нефункционалност ви училиштето. | |
| **1.Евалуација на работата на стручниот актив на трето одделение**<br>**2. Изработка на извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава**<br>**3. Изработка на годишен извештај за работата на стручниот актив**<br>**4.Избор на претседател на стручниот актив за следната учебна година** | реализирано | 19.06.2019г. | Се изврши евалвација на работата на стручниот актив, се направи анализа на извештаите, секој член си кажа свое мислење во однос на работата на активот. Мислењата на наставничките беа позитивни.<br>Претседателот на стручниот актив подготви годишен извештај од работата на стручниот актив, кој прво го разгледаа членовите на активот, а потоа се достави | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.Разгледување на новиот Предлог закон за основно образование** | | | до Директорката.<br>Се изработија годишни извештаи за СУА, дополнителна и додатна настава.<br>Избор на претседател на стручниот актив за следната 2019/2020г. – Верка Наумовска.<br>На состанокот беше разгледан новиот Предлог закон за основно образование и нашите забелешки се во насока на општоста на законот , за многу нејаснотии во инклузијата ( кои наводно ќе бидат разрешени со Правилник ) и забелешка околу задолжителните 5 часа неделно на додатна и дополнителна кои не влегуваат во фонд на часови. Исто така нејаснотија има со бројот на часовите на одделенските наставници во 4 и5-то одд кои имаат по 25 редовни часа-а со законот се предвидува тие да бидат од 20 до 23 часа. | |

Изработил:
Трајковска Ирена

## Стручен актив на петто одделение

Во текот на 2018/19 год се одбележаа повеќе настани,кои се доста значајни за нас вработените во образованието. На ден 24.9.2018 претседателите на стручните активи учествувавме на презентација на конкурсот за најдобри едукациски проекти

„ВИЗУЕЛНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ЛИКОВНИТЕ ИНТЕРДСИЦИПЛИНАРНИ ЕДУКАЦИСКИ ПРОЕКТИ ЗА ДЕЦА – МОДЕЛ ЗА КУЛТУРНА АДАПТАЦИЈА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ“ финансиран од Министерството за култура на Република Македонија.

Презентацијата се реализира во понеделник, 24.9.2018 г. во ОУ „Даме Груев“ во Битола од 12.00 часот. Брошурата беше во прилог.

Во склоп на нашето училиште се одржа театарска претстава. Пакомак е непрофитна компанија која управува со отпадот од разни пакувања и нивно рециклирање на ниво на Р.Македонија. Целта на Пакомак е подигнување на еколошката свест на населението за почист дом. Посебен акцент се става на еколошкото однесување кај децата. Една од таквите активности наменети за децата од училишна возраст беше театарската претстава “Училиште за еко магионичари”одржана во нашето училиште. Ние сме благодарни што едни добри магионичари не научија подобро да се грижиме за околината и нашата татковина...

Во склоп со програмата ,конкретно по предметот по Општество,изведена е посета на Музејот во Битола. Најпрво Музејот го посетија V3 и V5 одд ,каде во Музејот се изведе интерна работилица,со материјали кои беа дадени од страна на Музејот-глина,блок... На 12,11,2018 Музејот го посетија и останатите одд V1, V 2, V4.Од страна на стручно лице се им беше објаснато на децата подетално за секој предмет.Се разговараше и за Кемал Ататурк.Децата поставуваа прашања,а лицето им одговараше.

На крајот секое одделение доби по 2 пакетчиња глина и блок за цртање.Целта беше на часот по ликовно образование од глината да се направи сад,а на блокот да се изработи мозаик.Децата со задоволство ја прифатија задачата.Ќе се изведи на часот по ликовно обрзование.

На 7.12.2018 год се одржа прослава во Центарот за култура по ново името на нашето училиште.Учествуваа сите одделенија,од прво до петто,а нашиот совет се претстави со музичка точка.

На ден 26.12.2018 год се одржа доста интересен настан НОВОГОДИШЕН ПАНАЃУР ,кој кај децата наиде со големо воодушевување.Посебно,големо внимание се даде на танцовата школа EXPOSE, на кои децата не останаа рамнодушни,и истото го следеа со големо внимание.

Во склоп со наставната единица по Општество ,месец Март изведена е посета во Хераклеја. Беа присутни сите ученици од 5 одд. Се разбира имаше и водич кој на децата им објаснуваше се подетално за стариот антички град,Децата поставуваа разни

прашања,но најголем интерес разбудијаза амфитеатарот,на кој водачот се подетално им објасни. На некои деца им беа интересни и сауните и поставуваа разни прашања.

Убаво го разгледаа стариот град,влегоа и во кафезите од кои излегуваа дивите животни во тоа време...Децата беа задоволни,проблеми немаше и се вративме на настава.

Во склоп со програмата , на 01.04.2019 ГОД во училишниот хол се одржа кратка,но интересна манифестација по повод 1Април.Децата што сакаа да учествуваат прошетаа низ холот,а потоа низ блиската околина. Сите беа задоволни од настанот кој наиде на голема радост.

НА 11.04.2019 ГОД во училишната трпезарија се одржа настан ЈАС ИМАМ ТАЛЕНТ. На настанот зедоа учество голем број ученици кои настапуваа со разни точки:музички,глума...Настанот беше проследен и од страна на стручно жири. Публика премногу. Беа доделени награди,пофалници и ваучери за најдобрите..Сите беа задоволни од настанот кој наиде со голема радост.

На 27,28 и 29 .05 2019 год беше одржана настава во природа во детското одморалиште „Мајски цвет“ во Струга. Беа присутни околу 109 ученици и пет наставници. Првиот ден ги посетивме Вевчанските извори каде не запознаа со нивната традиција. Беше одржан час по Општество и Македонски јазик. Продолживме на прошетка во Струга каде го посетивме музејот на Никола Незлобински. Струга е прекрасен град. Се вративме,ручавме,а потоа во училницата одржавме час по Математика,а покрај брегот го цртавме езерото- Ликовно образование.

Другиот ден отидовме во Охрид,каде ги посетивме црквите „Св. Софија“ и „Св. Јован Богослов“.Беше прекрасно. На патот кон Битола застанавме и ручавме во „Билјанини извори“.Поигравме и разгледавме се околу 2 часа,а потоа се упативме кон Ресен каде го посетивме Домот на „Драги Тозија“...Наставата заврши и си заминавме дома среќни и задоволни.

Одделенски совет на петто одделение

Претседател;Билјана Костовска

## Стручен актив по македонски јазик

**Анализа на постигнатите резултати**

Стручниот актив по македонски јазик во состав: Мирјана Стојановска (претседател на Активот), Маргарита Поповска, Оливера Илиевска и Соња Петровска, во оваа учебна година, со меѓусебен договор и соработка успешно ги реализираа планираните активности.

Извештајот содржи дел од активностите што беа реализирани во текот на годината, односно оние што придонесоа за афирмација на училиштето и на самиот Актив. Вообичаено членовите на Активот одржуваа редовни состаноци на кои работеа според предвидената Програма која е реализирана според предвидената динамика. Од активностите ќе ги издвоиме:

- Одбележување на повеќе важни датуми од нашата историја и сегашност;
- Одбележување на Патронатот;
- Содржините во весникот „Светлини“;
- Посета на Саемот на книгата, промоции;

| Цели на Год. програма | Реализација | Време на реализација | Опис на активноста | Зошто не е реализирана |
|---|---|---|---|---|
| **Негување на култот кон нашата подалечна и поблиска историја; Оддавање достојна почит и чување од заборав на имињата и делата на наши истакнати личности.** | Одбележувања на поважни датуми од нашата историја (да) | Во текот на цело прво и второ полугодие во зависност од потребата. | Одбележување на поважни датуми од нашата историја преку содржини на училишното радио и пригодни приредби, како на пример: Осми септември – Денот на независноста; Единаесетти октомври; Четврти Ноември; Разни здравствени предавања, Обичаи и прославувања на Нова година кај нас и во светот; Денот на екологијата; Денот на планетата Земја; Светскиот ден на поезијата; Ден на словенските просветители; Животот и делото | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на Прличев, Конески и др. културни дејци и историски личности и дати; Активностите се реализираа во соработка со училишните секции, библиотеката и НУУБ. | |
| **Развивање љубов кон книгата и пишаниот збор** | Распишување литературен конкурс за Патронатот и за Зборникот „Битола во стиховите на младите автори“ | | Организирање креативни часови за мотивирање на учениците за креативно пишување. | |
| **Грижа за сопственото здравје и здравјето на нашите ученици** | Одбележување на Први декември – Светски ден за борба против сидата. (да) | 1.12. 2018 | Членовите на училишното радио организираа кратка презентација на тема: Што е сида, симптоми причини, последици. | |
| **Одбележување и оддавање почит кон ликот и делото на нашиот патрон; Негување на традицијата.** | Приредби по повод Денот на училиштето и учество во подготовката на училишниот весник ,,Светлини” (да) | октомври - декември | По повод Денот на училиштето сите членови на Активот учествуваа во главната приредба со рецитал кој беше составен од стихови земени од наградените творби на учениците кои учествуваа на литературниот конкурс по повод Денот на училиштето. Рециталот го изведоа авторите на наградените творби. Маргарита Поповска беше и член на Комисијата за приредби прослави и даде свој посебен придонес во подготовката на целокупното сценарио. Членовите на Активот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | имаа свој придонес и во подготовката на училишниот весник преку статии, подготовка на содржината, забавна страница, литературни творби, јазична и правописна корекција и сл. | |
| **Забава, дружење, развивање на креативноста** | | | . | |
| **Развивање љубов кон пишаниот збор и негување на литературниот јазик; Проширување на соработката со другите училиште и разни институции.** | Учество на литературни конкурси (да) | Во текот на првото и второто полугодие | Учествувавме на повеќе конкурси, како надворешни така и внатрешни, каде имаше и достојни награди. Традиционално учествуваме на конкурсот Детски лирски треперења на ниво на држава, конкурсот од Фондацијата Никола Кљусев, конкурсот на училиштата како ,,Стив Наумов" и ,,Даме Груев" по повод нивните патронати. | |
| **1.Одбележување поважни дати од нашата историја<br>2. Одбележување на Први април – Ден на шегата.** | 1.Зачувивање на важни моменти од нашето минато, важни и за девесницата.<br>2.Учество во активности организирани од училиштето – дел од Годишната програма на училиштето.<br>(да) | 7. 03. 2019<br><br>29. 03. 2019 | 1.Меѓународниот ден на жената беше одбележан преку училишното радио во соработка со литературната секција – активности поделени по смени. Акцентот беше ставен на читање поезија посветена на жената; мисли посветени на нејзината убавина, трудољубивост, креативност, афирмација и сл. Соња Петровска со ученици од шесто одделение освоија прва награда со драматизацијата „Еко спомени за промени" на Првиот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | мал детски фестивал. | |
| **Одбележување на Светскиот ден на поезијата; Денот на екологијата.** | Негување на поетскиот збор и поттикнување кон творење; Создавање здрави навики за живеење и чување на здрава животна околина.(да) | | | |
| **Посета на Саемот на книгата.** | Развивање љубов кон пишаниот збор; Истакнување на потребата од читање за развој на човековата личност. (да) | мај, 2019 | Наставничката Мирјана Стојановска со ученици од деветто одд. го посетија Саемот на книгата во Скопје за време на тридневната екскурзија на кој имаа можност да се запознаат со новите изданија од домашната и странската литература. „Зборникот на Миладиновци“ во два примероци е набавен од штандот на „Феникс“ за потребите на училишната библиотека. | |
| | | | . | |

**Забелешка:** За следната година да се реализираат повеќе посети на културни споменици од типот на: Куќата на Прличев во Охрид, Куќата на Миладиновци во Струга, Куќата на Конески во Небрегово. На тој начин учениците повеќе ја доживуваат големината на делата на значајните ликови за втемелувањето на македонскиот јазик и македонската поезија.

**5. 06. 2019.г.** **Подготви:**

**м-р Мирјана Стојановска-претседател**

**на Активот по македонски јазик**

## Стручен актив за странски јазици
**(англиски јазик, германски јазик, француски јазик)**

| Цели од годишната програма на активот 2018 / 2019 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1.Заедничка изработка на годишните програми и тематско процесните планирања и внесување во базата на податоци** | да | Август/ септември | Соработка на наставниците по англиски, германски и француски јазик и размена на искуства и идеи. Следење и примена на современи методи при изработка на програмите | / |
| **2.Интегрирање na ЕКО-стандардите и МИО активности во наставата по англиски,германски и француски јазик -манифестации Марија Крстевска** | | 15.03.2019 | Манифестација-Заштеда на енергија со ученици од I, V одд. | |
| **3.Активности по повод: -празникот Ноќ на вештерките**<br><br>**-активности по повод патрониот празник** | | 31.10.2018 | На ден 31.10. 2018 членовите на англиската секција од седмо и деветo одделение и наставничката Виолета Поповска го посетија Американското катче во Битола каде присуствуваа на забавата по повод празникот Halloween. Во рамките на програмата за соработка со локалната средина постои соработка со Американското катче каде учениците се зачленуваат и учествуваат во различни активности и можат да позајмуваат литература на англиски јазик.<br>-Членовите на активот учествуваа и во уредувањето на училишниот весник „Светлини“ и дадоа допринос со прилози на англиски, германски и француски јазик.Исто така зедоа учество во централната манифестација со драмска точка – со челновите на драмската секција водени од наставничката Јулија | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -активности околу Божиќ и Нова година | | 08.12.2018<br><br>28.12.2018 | Ивановска )<br>-Секој од наставниците, во зависност од возраста на своите ученици се вкучи во активности за одбележување на овие празници според традициите на земјите од англиско,германско и француско говорно подрачје.Учениците заедно со нивните родители учествуваа во изработка и продажба на традиционални колачи и украси со што се вклучија во манифестацијата Новогодишен Базаар, кој имаше и хуманитарен карактер.<br><br>-Во текот на второто полугодие најпрво беше одбележан Св Валентин.Овој празник е дел од традицијата на народите од англосаксонско подрачје и како таков е застапен во цивилизациските цели во наставната програма по англиски јазик.Учениците од седмо и деветто одделение од англиската секција со наставничката Поповска Виолета и во соработка со наставниците од изборните предмети од седмо одд и родителите изработија картички за празникот и ги продаваа во холот на училиштето.Парите беа наменети за помош на другарче од училиштето.Цел на активностите е учениците да се запознаат со традицијата за празнување на овој празник, симболите што го карактеризираат празникот, збогатување на вокабуларот и развивање на креативноста и тимската соработката на учениците.<br>-Ученици од шесто одделение под менторство на наставничката Јулија Ивановска зедоа учество со точки-монолози.<br><br>Беше организиран и фестивал на драми и драмската секција под менторство на наставничката Јулија Ивановска настапи со монодрамата Мали Женски приказни - | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.Дискусија за инструментите за оценување<br><br>6.Соработка со родители | Реализирано | 17.10.2018<br><br>Во текот на I полугодие | Членовите на активот ги разгледаа и дискутираа за претходно подготвените инструменти за оценување кои ги применуваат во наставата по информатика и техничко образование и притоа истите ги споделија со цел меѓусебна соработка и соодветно користење на истите во текот на учебната година.<br>Наставниците редовно одржуваат родителски средби во текот на учебната година со цел разгледување на успехот и поведението на учениците. | / |
| 7.Разгледување на успехот | | | На одржаниот состанок беше направена | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и поведението на учениците на тримесечје/полугодие | Реализирано | 11/2018<br>01/2019 | анализа на успехот на учениците по предметите информатика и ТО за I тримесечје и полугодие и беше заклучено дека успехот не е на потребното ниво, учениците со послаб успех да посетуваат дополнителна настава и во иднина се со цел подобрување на истиот со нивна целосна ангажираност. | |
| 8.Споделување на искуства на наставниците во текот на работата<br>9.Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите | Реализирано | 20.12.2018 | Наставникот Атанас Пеев сподели искуство од претходно одржана обука во Скопје за можноста од користење на микробитот во наставата по техничко образование и информатика како иновативна технологија. Во нашето училиште се одржа обука на тема-Изработка на образовни апликации која имаше за цел запознавање на наставниците со начинот на програмирање и можноста за создавање на различни едноставни и сложени програми со чија помош би се постигнале цели од наставните програми од различни наставни предмети од I – IX одд. | / |
| 10.Превземање активности по повод Новогодишниот базар во училиштето | Реализирано | 24.12.2018 | На одржаниот состанок наставниците од активот дискутираа за тоа кои активности би се презеле за вклучување на активот во Новогодишниот базар кој ќе се одржи во нашето училиште на 26.12.2018 год. Притоа учениците на штандови ќе продаваат различни новогодишни производи и украси со цел поттикнување на претприемачката свест кај нив. | / |
| 11.Одржување на отворени часови | Реализирано | 03/2019 | На ден 01.03.2019 год. беше одржан интегриран отворен час по наставните предмети ТО, нашата татковина, вештини за живеење и англиски јазик на тема | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | празнување на Св.Трифун и Св.Валентајн од страна на наставниците од стручниот актив. Целта на часот беше да се развива креативноста и претприемачкиот дух кај учениците, да изработуваат поклон срца применувајќи технолошките постапки при работа, да се запознаат со начинот на кој се празнуваат Св.Валентин и Св.Трифун и да стекнуваат хуманитарни навики. | |
| 12.Менторирање на студенти | Реализирано | 04/2019 | На одржаниот состанок наставникот Дарко Аврамоски сподели искуство како ментор на студенти од Педагошкиот факултет. Целта на оваа практична настава е следење на наставни часови, методска подготовка на часови и реализирање на часови од страна на студентите. Студентите со својата континуирана редовност и реализирана наставна единица успешно ја реализираа практичната настава по предметот информатика. Со менторирање на студенти ќе се продолжи и во наредниот период по наставните предмети информатика и техничко образование. | / |
| 13.Натпревари по информатика и ТО | Реализирано | 05/2019 | На одржаниот состанок наставниците од активот се изјаснаа дека активно се работеше на часовите за додатна настава со учениците кои беа вклучени во натпреварите организирани од Народна техника- Битола како и на Регионалниот натпревар „Детски семафор 2019" што резултираше со солидни резултати. | / |
| | | | На 56-от Регионален натпревар на млади техничари и природници организиран од | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14.Дискусија за резултатите од натпреварите | Реализирано | 06/2019 | страна на Народна Техника од Битола беа постигнати солидни резултати и тоа: 3 први места, 1 второ и 1 трето место.<br>На Регионалниот натпревар „Детски семафор 2019” организиран од страна на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата беа постигнати следниве резултати: 2 први, 1 второ место и мала група екипно второ место. | / |
| 15.Предлог распределба на часови | Реализирано | 06/2019 | Редовни часови по информатика во 6 одд. (5 x2=10) и 7 одд. (5x1=5)<br>Редовни часови по ТО во 5 одд. (5 x2=10) и 6 одд. (5x1=5) и иновации 9 одд. (5x1=5)<br>Останатите часови се изборни во зависност од потребите на наставниците и учениците. | / |

Претседател на стручниот актив

Дарко Аврамовски

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работата на директорот на училиштето во подрачјето Административно - организаторска работа директорот ја организираше и контролираше целокупната работа на училиштето која беше во склад со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административно - техничкиот персонал за обезбедувањето на материјално финансиски и хигиенски услови за работа. На почетокот на учебната година пристапи кон планирање на бројот на паралелки, бројот на наставници, одделенски раководства, додатната настава, слободните активности. Пристапи кон изготвување на Распоред на часовите, Годишна програма за работа на училиштето и Сопствена програма за работа како и програми за работа на Советот на родителите на училиштето и Училишниот одбор. Работеше на полето на прифаќање на нови проекти во училиштето и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи. Во текот на учебната година врз основа на сопствената

Годишна програма за работа директорот го следеше одвивањето на наставниот процес , слободните ученички активности , додатната и дополнителната настава. Од увидот во работата на воспитно образовниот кадар директорот може да констатира дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Исто така преку состаноците на стручните органи и тела ја следеше и унапредуваше работата во училиштето, организираше стручно усовршување на воспитно образовниот кадар преку интерни и екстерни семинари и советувања, соработуваше со локалната средина преку индивидуални и групни средби со Советот на родители, Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно образовниот процес.

Директорот при реализацијата на програмата успешно соработуваше со стручните работници. Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови на планирања за успешно започнување на учебната година. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација и даваше насоки и помош при отстранување на пропустите. Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за подигање на квалитетот на истиот. Акцент во својата работа директорот посвети на реализација на проектите. Како резултат на тоа имаме успешно презентирање преку јавните и културните манифестации во училиштето и надвор од него. Добрата работа на полето на додатната настава овозможи освојување на голем број награди на општинско и регионално ниво.

Директорот обезбедуваше и создаваше услови за успешно реализирање на прифатените проекти во училиштето и беше заинтересиран за прифаќање на нови проекти. Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на

програмираните задачи. На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите наменети за директори. На студентите од Педагошки факултет им овозможи во училиштето во соработка со наставниот кадар да извршат хоспитација, а на наставниците почетници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар во училиштето. За унапредување на воспитно образовната дејност успешно соработуваше со Бирото за развој на образованието, а посебно со одговорниот советник на училиштето. Соработуваше со повеќе невладини организации од градот и надвор од него. Особено се ангажираше да обезбеди спозорирање на училиштето преку доставување на барања до разновидни фондации, локалната самоуправа и фирми.

Во текот на учебната година реализирани се следниве активности:

- Извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција
- Извршен е систематски преглед на вработените
- Поставени се две влезни врати за поголема безбедност на учениците во соработка со ФОД
- Санирана е електричната струја во фискултурната сала, промена на гребенот и промена на сијалиците на рефлекторите – во соработка со РЕК Битола
- Бојадисување на училници
- Нацртани морали на влезот од училиштето реализирани во соработка со Совет на волонтери и наставничката по ликовно образование
- Комплет реновирани соблекувалните во фискултурната сала во соработка со Општина Битола, Совет на родители и РЕК Битола
- Поставени клупи во холовите – Совет на родители
- Наместени се бехатон плочки – Општина Битола
- Со донација од Интерворкс посадени се садници
- Промена на олуците околу училиштето

Исто така реалзирани се и поголеми настани во нашето училиште:

- Одбележување на Денот на дијабетот
- Одбележување на Светскиот ден на мајчиниот јазик
- Организатори на Општински натпревар во драма
- Организиран настан по повод доаѓањето на Амбасадорот од Јапонија за донацијата на дограмата

## Извештај за работа на дефектологот

**Општа цел:**
Подобрување на квалитетот на живот на децата/ ученици со посебни потреби и поттикнување на развој на сите деца во „училиштето по мерка на детето„.
**Специфични цели:**
1. Примена, развој и пратење на моделот за добра инклузивна пракса во училиштето, изработка на ИОП соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик
2. Активна учество во инклузивниот и образовен процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.
3. Обезбедување и унапредување на квалитет на наставата во образование на учениците со посебни образовни потреби.

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на план и програма** за работа на тимот во учебна 2018/19 година- Организирање на активности врз основа на програмата за работа Изработка на акционен план Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Организирање и реализирање на активности врз основа на програмата за работа. Изработка на акционен план и Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Август, 2018 | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу дефектологот и членовите на тимот | Нема забелешки |
| **Анализа на актуелната состојба во училиштето**, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка<br><br>Поддршка на младите наставници- **обука** за ИОП-**нов** | Опсервација на ученикот, проценка на предметниот наставник, база на податоци, педагошка евиденција , соработка со ППС<br>Едукација на наставниците (оние кои имаат ученици со ПОП)<br>**23.10.2018 г реализирана обука** | Октомври, 2018 година<br><br>**17.10.2018** г Обука, ИОП **нов образец** и Улога на дефектолог | Реализирани состаноци со ППС, дефектолог одделенски раководители, наставници | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **образец** и Улога на дефектолог | **за дел од наставниците на Оу„Т. Пановски“** со цел употреба на ИОП за секој ученик со ПОП. На обуката се потенцираше важноста од водење евиденција за развојот на децата со ПОП, како и презентирање на предлог документ за користење на истиот<br><br>Обука за пристапност 20.11.2018 Музеј Битола<br><br>Експонатите од битолскиот Завод и музеј достапни за лицата со попреченост<br><br>12-18. 05 2019 г.Васто Италија | <br>**23.10.2018** г<br><br>**20.11.2018** Музеј Битола<br><br>**20.02.2019 г.**<br><br>12-18. 05 2019 г.Васто Италија | Тим за ИО, родители<br><br>Одржани обуки | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | |  | | |
| **Пратење на напредокот на ученикот-ИОП -** Унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на учениците<br><br>Ангажирање на образовни асистенти и вклучување во воспитно образовниот процес од месец септември, 2018г. | Давање поддршка на учениците во одржувањето и унапредувањето на квалитетен и самостоен живот со активно учество во заедницата на живеење. Посочување на целна група на ученици со ПОП по сугестија на дефектологот од училиштето со цел давање на соодветен пристап од страна на образовниот асистент. | Во текот на првото и второто полугодие од учебна2018/19 **Образовни асистенти**  21.02.2019 г.  | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу дефектологот и образовните асистенти | Нема забелешки |
| Соработка и поддршка на образовните асистенти со наставниците вклучени во редовната настава- наставници вклучени во инклузивното образование | Образовните асистенти се присутни за време на часовите со учениците со попреченост, работат на нивните училишни и домашни задачи, едноставно ги дополнуваат наставниците кои работат со овие деца. По потреба присуствуваат на родителски состаноци и Одделенски состаноци, на различни манифестации организирани во училиштето и | Октомври-јуни, 2018 г.<br><br>**3.12.2018** „Меѓународен ден на лицата со посебни потреби“-Дефиле на Широк сокак<br><br> | Дефектолог, наставник, ученици, родители, Образовен асистент, претставници од **Локалната самоуправа** | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  | од локалната самоуправа<br><br> | Васто Италија, мај 2019<br>  | | |
| **Едукација на учениците** од редовната популација . **Активности за учениците во прифаќањето на различностите** | Разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование.<br>Активности за учениците во прифаќањето на различностите, преку изработки на проекти, паноа, цртежи, составување на лични творби , состави, приредби итн.<br>Зголемување на социјалната инклузија на учениците од ранливите категории<br><br>**Меѓународниот ден на лицата со инвалидитет.**<br><br>Како помина денот на Марга | 3.12.2018г.Меѓународниот ден на лицата со инвалидитет.<br><br><br>**15.10.2018** Меѓународниот ден на белиот стап<br><br>**04.03.2019 г.** | Директор, Дефектолог, наставник, ученици, родители, Образовен асистент, претставници од Локалната самоуправа, соработници од невладини организации | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | https://youtu.be/Jhdp-aQXDIU |  | | |
| **Соработка со други институции** кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното образование<br><br>**Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.** | **ЗРДОС „Кочо Рацин“ Битола -** Активна соработка со Заводот - Кочо Рацин<br><br>**Општина Битола**<br><br><br><br>**AVON и БОРКА во Битола во борбата против ракот на дојка at Aurum Kitchen & Bar**10 Ноември, 2018<br><br>Соработка со Општина Битола и **UNICEF,**<br>**УНДП и Министерството за труд и социјална политика** | **21.12.2018**<br><br>**15.10.2018** Меѓународниот ден на белиот стап<br><br>**10 Ноември, 2018** борбата против ракот на дојка<br><br>**12.12.2018 г.**Отворен Регионален ресурсен центар за слепи лица<br> | Дефектолог, наставник, ученици, родители, претставници од Локалната самоуправа, соработници од невладини организации, Уницеф | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | <br>**Здружението за слепи лица Битола**<br>**ЛК Кабадаја**<br>**Болница, Битола и др.**<br> <br>**Музеј Битола**<br>Промовирано првото мени на **Брајова азбука**<br>Менито е изработено од страна на едукаторите во ресурсниот центар во ОУ „Климент Охридски" Андријана Шокларовска и Тесалија Жирова, по иницијатива на ЛК Кабадаја | **27.10.2018** Мени за слепи лица<br> <br> | | |

Извештајот го подготви:
Дефектолог Андријана Шокларовска

## Извештај за работа на училишниот педагог

| Програмски подрачја | Реализирани активности | Соработници |
|---|---|---|
| **Работа со ученици** | -Формирање на паралелки за I и VI одд.<br>-Прием на учениците во I и VI одд.<br>-Прием на нови у-ци во II,III,IV,V,VI,VII, VIII,IX;<br>-Соработка со у-ци прет. на одд.заедници од VI -IX одд.<br>-Тестирање на второодделенците за брзината на читањето.<br>-Индивидуални разговори со новодојдените уч-ци во училиште<br>-Советодавна работа со у-ци со асоцијално однесување и слаб успех.<br>-Посета на часови на одд. заед. VI-IX одд.<br><br>-Сораб. со претставници на училишната заедница<br><br>-Соработка со у-ци што ор се упатени на продолжна настава<br><br>-Активности у-ци од IX одд. во врска со професионална орентација<br>-Соработка со одд.рак. за проф. ориентација на у-ците од IX одд<br>-Запознавање на учениците од IX одд.со конкурсот за упис во средните училишта | психолог, дефектолог, наставници, директор |
| **Работа со наставници** | -Следење и презентирање пред н-ците стручна литература.<br><br>-Вклучување во активностите во реализацијата на учил. проекти.<br>-Презентација на Програмата за насилно однесување на учениците пред стручните активи<br>-Соработка со Комисијата за екскурзии.<br>-Учество во одредувањто на одд. раководители од I-IX, претсед. на одд. совети и стручни активи<br>-Посета на часови од редовната настава I-IX одд. во рамките на актив. на стручните активи<br>-.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в. | психолог, дефектолог, наставници, директор |

| | | |
|---|---|---|
| | -Консултации со н-ци за водењето на педагош.евид. и докум.<br>-Учес. во планирањето на барања за набавка на нови нас. средств<br>-Учес. во планирањето на барања за набавка на нови нас. средств<br>-Соработка со сите наставници за активности за прог. за еколошка едук.<br>-Учество во изработката на распоредот на часаови за одд. и пред. настава.<br>-Учество во израб, на распоред за користење на фускул сала -одд. нас<br>-Соработка со одговорните н-ци на училишните организации.<br>-Сораб. со н-ци во врска со реал. на рограмата за еколошка едук.<br>-Учество во работата на стручни тела на училиштето<br>-Консултации со нас. од I - во одд. за свечаниот прием на учениците<br><br>-Посета на часови за доп. настава од II-IX одд.<br>-Соработка со н-ци што организираат продолжна настава<br>-Инструктивно-консултативна раб. со н-ци за тематски и глобални планирања<br>-Консултации со н-ци што ја иновираат наставата.<br>.-Инструктивно-консултативна работа со н-ци за план.на одд.час уч.заедница, доп, дод.нас.и слоб. уч.а.<br>- Инструктивно-консултативна работа со одд.раководители за водење на педагошката евиденција и документација<br>-Консултации со наставниците во II -во одд. за преземање мерки за подобрување на читањето кај учениците | |
| **Работа со родители** | -Соработка со родители на новозапишаните у-ци.<br>-Соработка со родители чии деца имаат слаб успех<br><br>-Советодавна работа со родители чии деца се запишуваат во I -во одд.<br>-Консултации со род..од II одд. за превземање мерки за подобрување на читањето кај учениците | психолог, дефектолог, наставници, директор, родители |

| | | |
|---|---|---|
| | -Соработка со претставници од Советот на родители | |
| **Соработка со заедниците** | -Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и вонннаставни активности).<br><br>-Организирање и реализирање превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница<br><br>-Соработка со БРОМ за орг. семинари за н-ците<br>-Соработка со Заводот за статистика<br>-Соработка со Заводот за статистика<br>-Соработка со институции врзани за работата на училиштето.<br>-Соработка со дет. установи во врска со упис.на деца во I одд..<br>-Соработка со уч. амбуланта во врска со планираните здраствени активности<br>-Соработка со Народен театар Битола<br>-Соработка со Центар за култура Битола<br>-Соработка со МОН | психолог, дефектолог, наставници, директор, секретар,одговорни лица од институциите |
| **Професионален развој и професионална соработка** | -Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој.<br><br>-Средување и подготовка на док. за работа на п-гот**.**<br>-Индивидуално стручно усовршување -следење на струч.литер.<br>-Изработка на Годишната програма за работа на п-кот<br>-Водење дневник за педагош работа на уч. педагог.<br>-Водење на педагошката евиденција и док. за сопствената работа.<br>-Индивидуално стручно усовршување<br>-Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето<br>-Сораб. со Комисијата за просла. на Денот на училиштето<br>-Учество во работата на стручни тела на училиштето. | психолог, дефектолог, наставници, директор |

| | | |
|---|---|---|
| | -Присуство на состанокот на Наставничкиот совет<br><br>-Присуство на состаноците на одд. совети<br><br>-Изготву. на распоред за одржување на одд. совети од I -IX одд.<br>-Подготовки за упис на учениците во I -во одд.<br>- Прием на деца во I одд. | |
| **Училишна структура, организација и клима** | -Учество во подготовка на Годишна програма за работа на училиштето<br>-Учество во подготовка на Развојно планирање<br>-Организирање на работата во училиштето<br>-Соработка со стручни органи во училиштето<br>-Водење на евиденција за работа со наставници, ученици, родители<br>-Покренување и образложување на иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа<br>-Следење на наставни часови, анализирање на сознанијата и предлагање мерки релевантни за целото училиште<br>-Разрешување на конфликти и реализација на програма за ненасилство<br>-Поддршка во реализација на програмата на Ученичката заедница<br>- Поддршка во реализација на програмата за работа со ученици од социјално загрозени семејства<br>-Развивање и реализација на превентивни програми | психолог, дефектолог, наставници, директор |
| **Аналитичко-истражувачка работа** | -Изработка на графички приказ за успехот на у-ците на крајот од првото трим., првото пол.,третото трим. и второто пол.<br>- Подготвување на извештај за раб. на стручните ак.<br>- Подготвување на текстуален извештај за успехот и поведение на у-ците<br>- Учество во изработката на Год. прог. за работата на училиштето<br>- Учество во изготвување на Годишен извештај за раб. на училиштето<br>- Подготвување на извештаи за брзината на читањето на у-ците од второ одд.<br>-Учество во израб. на анекс програми за работата на училиштето | психолог, дефектолог, наставници, директор |

| | | |
|---|---|---|
| | -Подготвување на формулар за извештаите на на одд. рак. за успехот на у-ците<br>- Поднесување на извештај за среденоста на педаг. евид. и док.<br>- Подготвување на извештај за посетените часови за дополнителната настава<br>- Подготвување на извештај за бројот на направените неоправдани изостаноци и причините и предлагање мерки за разрешување на овој проблем<br>- Изработка на социограмски матрици и социограми за ученици по одд.<br>- Спроведување на анкета со у-ците од деветто одд. во врска со професионално ориентирањењ | |

Крстевски Никола, училишен педагог

## Извештај за работата на психологот

| Програмски подрачја | Активности | Реализирани цели поставени преку активностите | Време на реализација | Следење на реализацијата и повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| **Советување на ученици** | **Советодавно-консултативна, дијагностичко инструктивна, како и законски поддржана работа (законски пропишани формулари)** | ▪ Советодавна работа со ученици кои имаат потешкотии и проблеми во развојот (неуспех во учењето, конфликтни појави во однесувањето, емоционални тешкотии, нередовност, семејни проблеми, подложни се на булинг, потешкотии во меѓусебните односи со други ученици во училиштето и надвор од него итн.)<br>▪ консултативни и советодавни разговори со талентираните ученици во одредени вештини, кои се подготвуваат за натпревари на општинско, регионално и републичко ниво,<br>▪ индивидуални разговори со ученици како и групни разговори со раководствата на ученичките заедници во училиштето за суштински периодични или актуелни прашања за одделенската заедница.<br>▪ Води писмена евиденција, а по одредени ситуации и заедно со педагогот водат досиеа за обавените активности<br>▪ Индивидуални и групни советувања за избор на средното | Септември - јуни 2018/2019 година | ДА<br>Преку писмена евиденција (посебно или заедно со педагогот) водат досиеа и записници за реализираните активности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | училиште по индивидуалните карактеристики на ученикот и успехот што го покажува<br>▪ Тестирање на учениците со тест за ЕИ, со што им се дава можност да ги откријат своите емоционални капацитети и совети како да ги подобрат | | |
| **Советување на наставници** | **Советодавно-консултативна, дијагностичко инструктивна, како и законски поддржана работа** | ▪ Активности за прегледување на портфолијата на наставниците, водење педагоки картон.<br>▪ Усовршување на наставниот процес, воведување иновации и нови техники на учење во наставата, усовршување на планирањето и програмирањето на активностите.<br>▪ Учество во организацијата на интерни семинари, модел часови, како и нагледни часови со цел едукација на наставниците, со цел спроведување Програмата за кариерен развој на наставниците.<br>▪ Приготвувања на тематски предавања за родителски средби и стручни активи.<br>▪ Анализа на програмите, дневните подготовки и приказите за часовите од додатна настава, присуство на часови, консултации и анализа по евентуални одредени проблеми при подготовката или реализацијата на таквите наставни | Август - јуни 2018/2019 година | ДА<br>Педагошки картони за наставниците<br>Професионални досиеа<br>Инструменти за посета на часовите и други законски или други документи што ги изготвува психологот за појасна евиденција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | часови.<br>Координирање за разрешување на евентуални проблеми на учениците, индивидуални или групни, во склоп на паралелката во соработка со одделенските наставници или раководители.<br>▪ Индивидуално и групно информирање, советување, насочување и тестирање на интересите и способностите<br>▪ Спроведена е интерна обука за наставниците на тема: Соработка со семејството | | |
| **Советување на родители** | **Советодавно-консултативна, дијагностичко инструктивна, како и законски поддржана работа** | ▪ Идентификација на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, водење разговор со нив и со нивните родители, како и водење на евиденција за социјално загрозените семејства.<br>▪ собирање значајни податоци од родителите за запознавање и следење на развојот на учениците, посебно со емоционални и развојни проблеми.<br>▪ информирање на родителите за психолошко-педагошките карактеристики и проблеми на одделни ученици. Води писмена евиденција, а и заедно со педагогот водат досиеа за обавените активности<br>▪ Индивидуални и групни | Септември - јуни 2018/2019година | ДА<br>Преку писмената евиденција и записниците за реализираните активности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | советувања со родителите за најдобриот избор на средното училиште по индивидуалните карактеристики на ученикот и успехот што го покажува особено со родителите на учениците од деветто одделение на состаноците на Школата за родители<br>▪ Караток опис за родителите на состаноците на Школата за родители на резултатите од тестирањето на учениците со тест за ЕИ<br>▪ Советодавно-консултативни и дијагностички разговори со родителите при запишувањето во прво одделение | | |
| **Соработка со заедницата** | ▪ Професионална ориентација на учениците<br>▪ Соработка и редовни средби со училишните психолози и педагози<br>▪ Соработка со Центарот за социјална работа, Комисијата за ментално здравје на деца и младинци, Бирото за вработување, БРО, како и други институции од државата и локалната средина.<br>▪ Соработка со основните и средните училишта во градот.<br>▪ Соработка со | ▪ Соработка и редовни средби со училишните психолози и педагози преку седниците на стручниот актив на училишни психолози во градот како и организирани советувања од страна на стручни институции.<br>▪ Соработка со Центарот за социјална работа, Комисијата за ментално здравје на деца и младинци, Бирото за вработување, БРО, како и други институции од државата и локалната средина.<br>▪ Соработка со основните и средните училишта во градот овозможува реализација на задачите од професионалната | Септември јуни 2018/2019 година | ДА<br>Различни документи, писмени преписки, записници и слично |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Факултетот за учители и студентите по македонски јазик | ориентација на учениците<br>Локалната средина овозможува многу активности за широки и разновидни делувања и активности | | |
| **Професионален развој и професионална соработка на наставниот кадар и сопствено доусовршување** | ▪ Изготвување материјали за полесно и евидентно следење на различни активности, како и други материјали потребни при секојдневната воспитно-образовна работа<br>▪ Електронско евидентирање на активности од различни области на делување со ексел програми ( награди и освоени места, спроведени разговори со ученици, наставници и родители, запишани првоодделенци и другоо)<br>▪ Следење и проверка на законска процедура за водењето на педагошката евиденција и документација и евидентирање во соодветни формулари и записници | ▪ Спроведена е интерна обука за наставниците на тема: Соработка со семејството<br>▪ Следење и проверка на законска процедура за водењето на педагошката евиденција и документација и евидентирање во соодветни формулари и записници<br>▪ Консултативни активности при изготвување материјали за отворени часови, како и други материјали потребни за полесно и попрофесионално реализирање на секојдневната настава.<br>▪ Подготвување на програми, анкети, прашалници, анализи и извештаи од спроведувањето на активностите и проектите и обуките кои се спроведуваат во училиштето.<br>▪ Изготвување формулари, педагошки картони, за евиденција на проверката на педагошките досиеа на наставниците.<br>▪ Изготвување формулари за прегледување на одделенските книги | Септември јуни 2018/2019 година | ДА<br>Различни електронски и пишани документи и инструменти изготвени лично или во соработка со други фактори |
| **Аналитичко-истражувачка** | ▪ Следење на воспитно-образовната работа во училиштето | ▪ Консултативни активности при изготвување материјали за отворени часови, како и други | Септември јуни 2018/2019 година | ДА<br>Изготвување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **работа** | ▪ Утврдување на потенцијалните можности и карактеристиките на личноста на ученикот со примена на инструменти<br>▪ Испитување интересите на учениците со примена на инструменти<br>▪ Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност<br>▪ Развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците, и самовреднување на училиштето<br>▪ Работа со талентирани и надарени ученици | материјали потребни за полесно и попрофесионално реализирање на секојдневната настава.<br>▪ Изготвување формулари, педагошки картони, за евиденција на проверката на педагошките досиеа на наставниците.<br>▪ Мерење на надпросечноста на ученици од шестите одделенија: интелигенцијата со тестот Ревидирани равенови матрици, а за да биде комплетно тестиран и испитан, бидејќи академската интелигенција самата по себе не значи и надпросечно надарен ученик, творечката и емоционалната интелигенција. Споредување со резултатите на ЛБ спроведен во прво одделение<br>▪ Секоја учебна година се реализира планираната активност на тестирање со невербалниот ЛБ тест на мерење на развојната возраст и ителигенцијата на учениците од прво одделение | | материјали за полесно и евидентно следење на различни активности, како и други материјали потребни при секојдневната воспитно-образовна работа<br>Користење на тестови |
| **Училишна структура, организација и клима** | ▪ Учество во изработката на Годишната програма, Годишниот и полугодишниот извештај за работата на Училиштето, подотовка на другите пропратни програми: програма за работа на професионална орјентација на учениците, кариерен развој на наставниците, програма за работа со деца со | ▪ Консултации и советодавна работа во изработка на плановите и програмите за одделенскиот раководител и заедницата на паралелката соред програмата Животни вештини<br>▪ Учество во изработка на програми за стручните органи на Училиштето- одделенски совети, советодавно-консултативни активности за другите програми | Преку целата учебна година 2018/2019 година | ДА<br>Следење на резултатите од реализацијата на програмата<br>Следење на резултатите од применетите мерки преку |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | емоционални и социјални проблеми, деца со потешкотии во учењето.<br>▪ Соработка со наставниците во изготвување на програмските задачи за наставата, следење и проучување проблеми во врска со наставата (изборна настава, додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности).<br>▪ Планирање и програмирање на стручните тела во Училиштето; учество и во планирањето на одделенските часови и ученичките заедници.<br>▪ Изготвување програма за својата работа- годишна и месечна.<br>▪ Прием на ученици за прво одделение, разговори со родителите-советодавна и консултативна работа за оние кои не се запишале во законскиот рок, во месец мај.<br>▪ Распределување на новозапишаните ученици по папаралелки и одделенија, како и издавање на документи на учученици кои по различни причини преминуваат во друго училиште | ▪ Учество во работата на стручните органи во Училиштето- Наставнички совет, стручни активи и одделенски совети<br>▪ Учество во изготвувањето на Годишната програма за работата на училиштето во текот на оваа учебна година<br>▪ Изготвување на Програма за работа на психологот<br>▪ Конечно формирање на првите одделенија, како и сите новозапишани ученици од другите одделенијата по паралелки, по претходно воспоставени критериуми<br>▪ Соработка со наставниците за прегледување на педагошките досиеа на наставниците и отворање педагошки картон за оваа учебна година, контрола и стручни консултации, посебен осврт кон целите за работа со талентирани ученици, програмите за додатна настава и инструментите за соработка со родителите.<br>▪ -Работа со наставници, членови на тимовите со кои што треба да бидат реализирани сите потребни активности за престојната година консултации при подготовката на документи<br>▪ Како член на комисијата за прием на ученици за поаѓање во прво одделение ја утврдува | | различни инструменти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ▪ Утврдување на потенцијалните можности и карактеристиките на личноста на ученикот<br>▪ *Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност<br>▪ Прием на ученици во прво одделение | подготвеноста на децата за поаѓање во училиште:<br>▪ утврдување на личните способности на децата кои се запишуваат во прво одделение деветтолетка<br>○ разговори и консултации со родители на деца кои се запишуваат во прво одделение,<br>○ водење на систематско интервју со децата кои се запишуваат во прво одделение во деветтолетка како член од тимот да прием на учениците.<br>○ Распределба на учениците по паралелки според критериумите<br>▪ Разговори со наставниците за специфичните проблеми во семејството кои го спречуваат напредувањето на учениците, работа со родителите (со акцент на задачите од законот Школа за родители)<br>▪ Подготвува извештаи за средбите<br>▪ соработка со Комисијата за категоризација за поуспешно реализирање на активностите во евентуални потешки случаи.<br>▪ Води писмена евиденција за сите индивидуални случаи.<br>▪ Координатор е на тимот за работа со талентирани и надарени ученици.<br>▪ Спроведување активности за детектирање на талентирани и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | надарени ученици  според набавените инструменти за утврдување на надареноста на ученикот,<br>▪ соработка со наставниците во следењето на учениците кои постигнуваат високи резултати на натпреварите, тестовите на знаења и други облици преку кои можат да се евидентираат овие ученици,<br>▪ Соработка со наставниците при програмирањето на додатна настава,<br>▪ соработка со наставниците при формирањето на групите за додатна настава,<br>▪ соработка со наставниците за употребата на форми, методи и техники за учење при изведување на  додатната настава,<br>▪ систематско евидентирање на освоените места на општински, регионални, републички и меѓународни натпревари, како последователност на другите активности,<br>▪ вклучување на овие ученици во тимови за разни истражувачки активности и при работа со проекти,<br>▪ посета на часовите за реализирање на додатна настава. | | |

Битола, јуни  2019 година

Изготвил

Кети Секуловска, психолог

## УЧИЛИШТЕН ОДБОР

Врз основа на член 126 од Законот за основно образование и член 68 од Статутот на ОУ„Св. Климент Охридски“- Битола, претседателот на Управниот одбор одржа осум состаноци во просториите на училиштето. Управниот одбор работи според Деловникот за работа на истиот. Состаноците се одржуваа според претходно изработена програма за работа, со потребно мнозинство на присутни членови на кои се расправаа прашања од интерес на работата на училиштето.

Во месец јануари училишниот одбор даде мислење по оглас за прием на работници – наставници.

Во месец јуни направени се статутарни промени кои се однесуваат на документацијата на училиштето.

## СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Програмата на Советот на родители е реализирана во целост, во согласност со активностите на училиштето.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените извештаи за работата на нашето училиште во учебната 2018/2019 година, можеме да констатираме и да кажеме дека зад нас оставивме уште една успешна учебна година.

Тоа може да се воочи од целокупната работа во сите сегменти на функционирањето на нашето училиште. Нема ученици кои своеволно и неоправдано ја напуштаат наставата, а поведението на истите, исто така задоволува. Наставниците, користејќи ги сите услови и можности, работеа на своето професионално усовршување. Проектите ги прифаќаа со задоволство и заедно со учениците, ги спроведуваа предвидените содржини. Редовно ги посетуваа потребните обуки за лично и професионално напредување.

На хигиената, се стави посебен акцент. Реализирани се сите предвидени систематски прегледи и вакцинации за учениците и вработените, според програмата на Министерството за здравство. Се изврши дератизација, дезинсекција и дезинфекција на училиштето.

Учествувавме на сите понудени манифестации и ги одбележивме сите позначајни датуми преку работата на училишното радио.

Исто така, наша голема гордост и плод од нашата посветена работа се многубројните награди и признанија кои ги освоивме во текот на оваа година.

Ја завршивме учебната година, задоволни и исполнети од реализираното, а нашите нови идеи, предлози, замисли, со силен ентузијазам, ќе ги имплементираме во новата учебна година.

Битола, јуни, 2019 година

Директор

____________________

(Гордана Анастасова)

Битола, јуни, 2019 година Директор

______________________

(Гордана Анастасова)